ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

на ООУ „Климент Охридски“ - Миравци, Гевгелија

за учебната 2023/24 година



Август 2023

**Преамбула**

Врз основа на Член 49, став 4, 5 и 7 од  од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ број 161/19 и 229/20) и Правилникот за форма и содржина на Развојна програма и Годишна програма за работа за основно училиште, Училишниот одбор при ООУ „Климент Охридски“ Миравци,  усвојува и предлага до основачот – Општина Гевгелија  Годишна програма за работа на ООУ„Климент Охридски“ Миравци за учебната 2023/24 година.

# Содржина

**Вовед**

**1.Општи податоци за основното училиште**
1.1.Табела со општи податоци
1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

**2. Податоци за условите за работа на основното училиште**
2.1. Мапа на основното училиште
2.2. Податоци за училиштниот простор
2.3. Простор
2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“
2.5. Податоци за училишната библиотека
2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

**3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште**
3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа
3.2. Податоци за раководните лица
3.3. Податоци за воспитувачите
3.4. Податоци за вработените административни службеници
3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица
3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори
3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар
3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените
3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените
3.10. Податоци за учениците во основното училиште

4. **Материјално-финансиско работење на основното училиште**

**5. Мисија и визија**

**6. „LESSONS LEAMED“- Веќе научено/стекнати искуства**

**7. Подрачја на промени, приоритети и цели**
7.1. План за евалуација на акциските планови

**8. Програми и организација на работата во основното училиште**
8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште
8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите
8.3. Работа во смени
8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата
8.5. Проширена програма
8.6. Комбинирани паралелки

8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште
8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение
8.9. Изборна настава
8.10. Дополнителна настава
8.11. Додатна настава
8.12. Работа со надарени и талентирани ученици
8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби
8.14. Туторска поддршка на учениците
8.15. План на образовниот медијатор

**9. Воннаставни активности**
9.1. Училиштни спортски клубови
9.2. Секции/клубови
9.3. Акции

**10. Ученичко организирање и учество**

**11. Вонучилишни активности**

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа
11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

**12. Натпревари за учениците**

**13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција**

**14. Проекти што се реализираат во основното училиште**

**15. Поддршка на учениците**
15.1. Постигнување на учениците
15.2. Професионална ориентација на учениците
15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

**16. Оценување**
16.1. Видови оценување и календар на оценувањето
16.2. Тим за следење, анализа и поддршка
16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар
16.4.Самоевалуација на училиштето

**17. Безбедност во училиштето**

**18. Грижа за здравјето**
18.1. Хигиена во училиштето

18.2. Систематски прегледи

18.3. Вакцинирање

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

**19. Училишна клима**
19.1. Дисциплина
19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето
19.3. Етички кодекси
19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

**20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар**
20.1. Детектирање на потребите и приоритетите
20.2. Активности за професионален развој
20.3. Личен професионален развој
20.4. Хоризонтално учење
20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

**21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите**
21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето
21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонаставните активности
21.3. Едукација на родителите/старателите

**22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште**

**23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште**

24. **Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште**

25. **Заклучок**

26. **Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште**

27. **Користена литература**

## Вовед

Со Годишната програма за работа на училиштето се планира обемот и распоредот на активности што произлегуваат од наставниот план и наставните програми за реализација на наставата и вонинаставните активности. Исто така, во состав на Годишната програма за работа на училиштето, постои и програма за следење и вреднување на работата на училиштето, за реализирање на развојните цели. Следењето и вреднувањето на поставените цели се реализира преку интерна самоевалуација, а носители се наставниците, директорот, учениците, родителите и стручните соработници.

Наставните програми за задолжителните предмети и изборните ги подготвува БРО, а ги одобрува МОН. Врз основа на програмите секој наставник изготвува своја наставна програма за предметот по кој изведува настава. За реализација на додатна и дополнителна настава, исто така наставникот изготвува планирање. Наставните програми се чуваат кај училишниот педагог.

Годишната програма за работа на училиштето е краткорочен документ, во кој се поместуваат сите релевантни податоци, планови, интерни програми и други документи, врз чија основа се реализираат задачите за време од една година, а кои се произлезени од Законот. Овој документ се заснова на:

- Законот за основно образование, Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони (Законите се достапни на следните веб страни: www.pravo.org.mk ; www.eduligje.mk; www.eduzakoni.mk; www.slvesnik.com.mk )

- Подзаконските и интерните акти (разни кодекси, деловници за работа на органите, правилници..)
- Наставните планови и програми (http://www.bro.gov.mk/?q=osnovno-obrazovanie)
- Концепцијата за деветгодишно образование (http://www.bro.gov.mk/?q=osnovno-obrazovanie)
- Статутот на училиштето
- Развојна програма на училиштето
- Програмата за работа на училиштето од претходната учебна година
- Разните извештаи (Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, извештаи од интегрална евалвација, извештај од самоевалвација, извештај од разни проверувања, анализи, проекти, извештаи за финасиското работење на училиштето, записници и др.).

## 1.Општи податоци за основното училиште

### 1.1.Табела со општи податоци

| Податоци | Централно училиште Миравци |
|---|---|
| Име на основното училиште | Климент Охридски |
| Адреса, место, општина | Ул.Гоце Делчев бр. 35 Миравци, Гевгелија |
| Телефон | 034-511-978 |
| Факс | 034-229-017 |

| | |
|---|---|
| Веб-страница | http://www.ooukliment.edu.mk |
| Е-маил | oumiravciepiskop@yahoo.com |
| Основано од.. | Министерство за просвета на НРМ, 22.09.1948 г. |
| Верификација-број на актот | 09-756/1 од 1988 |
| Година на изградба | 1987,1996,2002 |
| Тип на градба | Тврда |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 2114 |
| Училиштен двор (m2) | 4483 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 1000 |
| Начин на загревање на училиштето | Сопствено парно греење |
| Училиштето работи во смени | Во прва смена |
| Број на паралелки | 9 |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Не |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Не |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | |

.....

| Податоци | Подрачно училиште Давидово |
|---|---|
| Име на основното училиште | Гоце Делчев |
| Адреса, место, општина | С.Давидово, Миравци, Гевгелија |
| Телефон | 034-511-978 |
| Факс | 034-229-017 |
| Веб-страница | http://www.ooukliment.edu.mk/ |
| Е-маил | oumiravciepiskop@yahoo.com |
| Основано од.. | Министерство за просвета на НРМ, 22.09.1948 г. |
| Верификација-број на актот | 09-756/1 од 1988 |
| Година на изградба | 1948 |
| Тип на градба | Тврда |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 267 |
| Училиштен двор (m2) | 2828 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 800 |
| Начин на загревање на училиштето | Огревни дрва |
| Училиштето работи во смени | Во прва смена |
| Број на паралелки | / |
| Број на комбинирани паралелки | 1 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира | Македонски јазик |

| | |
|---|---|
| наставата во училиштето | |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Не |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Не |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | / |

....

| **Податоци** | **Подрачно училиште Милетково** |
|---|---|
| Име на основното училиште | Ристо Динев |
| Адреса, место, општина | С.Милетково, Миравци, Гевгелија |
| Телефон | 034-511-978 |
| Факс | 034-229-017 |
| Веб-страница | http://www.oukliment.edu.mk/ |
| Е-маил | oumiravciepiskop@yahoo.com |
| Основано од.. | Министерство за просвета на НРМ, 22.09.1948 г. |
| Верификација-број на актот | 09-756/1 од 1988 |
| Година на изградба | 1970 |
| Тип на градба | Тврда |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 263 |
| Училиштен двор (m2) | 4874 |
| Површина на спортски терени и игралишта | / |
| Начин на загревање на училиштето | Огревни дрва |
| Училиштето работи во смени | Во прва смена |
| Број на паралелки | / |
| Број на комбинирани паралелки | 1 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Не |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Не |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | |

....

| **Податоци** | **Подрачно училиште Смоквица** |
|---|---|
| Име на основното училиште | Ѓорги Делев |
| Адреса, место, општина | С.Смоквица, Миравци, Гевгелија |
| Телефон | 034-511-978 |
| Факс | 034-229-017 |
| Веб-страница | http://www.oukliment.edu.mk/ |

| | |
|---|---|
| Е-маил | oumiravciepiskop@yahoo.com |
| Основано од.. | Министерство за просвета на НРМ, 22.09.1948 г. |
| Верификација-број на актот | 09-756/1 од 1988 |
| Година на изградба | 1948 |
| Тип на градба | тврда |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 310 |
| Училиштен двор (m2) | 2667 |
| Површина на спортски терени и игралишта | / |
| Начин на загревање на училиштето | Огревни дрва |
| Училиштето работи во смени | Во прва смена |
| Број на паралелки | / |
| Број на комбинирани паралелки | 1 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Не |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Не |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | |

## 1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

Училиштето има повеќе структури кои се носители, органи на управување со воспитно – образовната дејност.

Училишниот одбор се состои од 7 члена и тоа: тројца претставници од воспитно-образовниот кадар, тројца од совет на родители и еден од локална самоуправа.

Советот на родители го сочинуваат тројцата претставници на одборот на родители од секоја паралелка (и подрачните).

Наставничкиот совет се состои од 16 наставници чие матично училиште е нашето и уште 6 наставници чии матични училишта се другите училишта од општината или се заеднички.

Стручни активи во нашето училиште се следниве: еден стручен актив на одделенска настава, стручен актив на предметна настава – природни науки, стручен актив на предметна настава – јазици и стручен актив на предметна настава – општествена група на предмети. Горенаведените стручни активи работат на разрешување на најразлични актуелни стручни проблеми и прашања.

Одделенски совети исто така има два, по еден за одделенска и предметна настава, на кои се разгледуваат состојбите, се донесуваат предлози и се доставуваат до Наставнички совет.

Училишната заедница ја сочинуваат претставници од одделенските ученички раководства од 4 - 9 одделение.

Нашето училиште има конституирано и ученички парламент и ученички правобранител.

## 1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирањево училиштето

| | |
|---|---|
| Членови на училишен одбор | Александра Марковска– претседател |
| | Кристина Петкова – наставник |
| | Сузана Ѓорѓиева - наставник |
| | Маја Танова – наставник |
| | Петар Петрушев – родител |
| | Виолета Манчевска - родител |
| | Викторија Ставрова – локална самоуправа |
| Членови на советот на родители | 1.Анита Јованова, Билјана Пандова, Пепи Еленски; |
| | 2.Александра Марковска, Анита Бучкова, Зорица Динева; |
| | 3.Сашко Стојиловски, Нина Ѓорѓиева, Нина Аџиева; |
| | 4.Петар Петрушев, Борче Стојков, Гордана Ангелова; |
| | 5.Марија Динова, Драган Тановски, Симона Диновска; |
| | 6.Елисавета Трајкова, Ивана Донева, Љубица Ивановска; |
| | 7. Виолета Манчевска, Зорица Василевска, Зорица Динова; |
| | 8. Петар Петрушев, Виктор Цветановиќ, Катерина Николова; |
| | 9.Емилија Андонова, Мара Ристова |
| Стручни активи (видови) | Стручен актив на одделенска настава |
| | Стручен актив на општествено- јазична група предмети |
| | Стручен актив на природно– математичка група предмети |
| | Стручен актив за спорт, техника и уметност |
| Одделенски совети (број на наставници) | Совет на одделенски наставници (8) |
| | Совет на предметни наставници (16) |
| Членови на училишниот инклузивен тим (име и презиме) | Каролина Димитрова |
| | Слаџана Ѓоргиева |
| | Ивана Ристова |
| | Марија Ничевска |
| | Маја Танова |
| | Татјана Рујкова |
| | Митко Стојков |
| Заедница на паралелката | 18 ученици |

| | |
|---|---|
| Членови на ученичкиот парламент | 9 ученици, |
| Претседател на Ученички парламент | избран нов претседател на УП |
| Ученички правобранител | избран нов ученик - правобранител |

## 2. Податоци за условите за работа на основното училиште

2.1.Мапа на основното училиште







Миравци е сместено на западниот брег на реката Вардар, на оддалеченост од околу 5 километри од нејзиното корито и 25 километри северно од Гевгелија.
Училиштето е сместено во северниот дел на Миравци. Објектот е нов, убаво уреден, а има и голем, убаво уреден двор! Од надворешниот изглед на училиштето, паѓа в очи зелено жолтата боја на фасадата и интересниот облик на покривот! Нашето училиште и дворот се украс и гордост на нашето населено место и пошироко!

Адресни податоци:
ул. Гоце Делчев број 35 ;
телефони: 034-229-017 и 34-511-978 ;
e-mail: oumiravciepiskop@yahoo.com
ВЕБ страна : http://www.ooukliment.edu.mk/
ФБ профил: https://www.facebook.com/%D0%9E%D0%9E%D0%A3-%D0%9A%D0%BB%D0%B8%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82-%D0%9E%D1%85%D1%80%D0%B8%D0%B4%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%9C%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%B2%D1%86%D0%B8-343038665714969/.

Скица на просторот во ООУ„Климент Охридски“ Миравци, приземје

| Кабинет информатика | остава | училница, одд.настава | училница, одд. настава | остава | Училница,одд.настава |
|---|---|---|---|---|---|
| Х о д н и к | | | | | |




Скица на просторот во ООУ„Климент Охридски“ Миравци, прв спрат




Скица на просторот во ООУ„Климент Охридски“ Миравци, ниско приземје



## 2.2. Податоци за училиштниот простор

| | |
|---|---|
| Вкупен број на училишни згради | 4 |
| Број на подрачни училишта | 3 |
| Бруто површина | |
| Нето површина | 2954 |
| Број на спортски терени | 2 |
| Број на катови | НП+П; П+1 |
| Број на училници | 11 +1+1+1 |
| Број на помошни простории | 7+5 |
| Училишна библиотека, медијатека | 1 |
| Начин на загревање на училиштето | Сопствено парно греење; огревни дрва |

### 2.3. Простор

| **Просторија** | **Вкупен број** | **Површина (m2)** | **Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година)** | **Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)** |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 11 | 410 | 4 | 1 училница во ПУ Милетково |
| Кабинети | 7+деф. | 450 | 4 | |
| Библиотека | 1 | 45 | 4 | |
| Медијатека | | | | |
| Читална | | | | |
| Спортска сала | 1 | 1000 | 4 | |
| Канцеларии | 4 | 72 | 4 | |
| Училиштен двор | 4 | 14.852 | 4 | |
| Заеднички простор за прослави | 1 | 120 | 4 | |
| Кујна | 1 | 42 | 4 | |
| Трпезарија | 1 | 64 | 4 | |
| Друго:Санитарни јазли ЦОУ + ПУ Смовица | 7 | 158 | 3 | |

2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“

Училиштето во Миравци е релативно ново училиште и ги задоволува нормите и стандардите за нормално функционирање и изведување на квалитетна воспитно - образовна работа. Тоа е опремено со 15 ученички клупи за 1 одд., 15 таблети, 5 интерактивни табли, 4 проектори заедно со држачи, 1 принтер, 1 клима, 2 принтери Canon, 1 дувалка за лисја, 2 грејалки и нагледни средства кои беа потребни и неопходни за учениците од 1 и 4 одд. според новата концепција, 1 шкаф во ПУ Смоквица, 1 телевизор, 4 мандолини, и преку проектот за меѓуетничка интеграција набавени се 1 дигитален апарат и 1 лап – топ.

Просторните услови и во подрачните училишта се задоволителни, со мала задршка за училишната зграда во ПУ во Милетково. Што се однесува до опремата и наставните средства во подрачните училишта е иста како и во централното училиште.

| **Наставен предмет (одделенска и предметна настава)** | **Постоечка опрема и наставни средства** | **Потребна опрема и наставни средства** |
|---|---|---|
| Македонски ј. | Телевизор, постери и сликовници и мали пластични букви, плакат со азбука со печатни и ракописни букви, телевизор, ученички лап топи, ТВ, ЦД плеер, печатач<br>Литературни списанија<br>Правопис на македонскиот јазик<br>Прирачници<br>Речници<br>Енциклопедии | Касетофони, постери со глаголица и кирилица (печатни и ракописни букви), нови наслови на сликовници, модели на интерпункциски знаци, ученички лап топи |
| Англиски ј. | Касетофони,<br>звучници, слушалки | Постери со англиската азбука(печатни и ракописни букви), нови наслови на сликовници |
| Германски ј. | Касетофони,<br>звучници, слушалки | Постери со Германската азбука (печатни и ракописни букви) |
| Математика | Постери, дрвени 3Д форми, фигури од мечиња за броење, собирање и | Постери за транслации, класична вага, Модели за релација конус цилиндар |

| | | |
|---|---|---|
| | одземање, табела 100, агломер, шестар, линеар, домино, вага, шестар, триаголник, линијар, жичани геометриски тела, дрвени и пластични форми<br>Линијар од 1m со назначени cm и mm (2)<br>Рамнокрак правоаголен триаголник (2)<br>Правоаголен триаголник со агол од 60° (2)<br>Шестар (4)<br>Модели геометриски тела од дрво (квадар,<br>коцка, цилиндар, конус, пирамида и топка)<br>Модели геометриски тела од жица (2)<br>Модели шупливи геометриски тела од пластика (2)<br>Прибор за цртање (линијар, триаголник,<br>агломер и шестар) (2)<br>Модел на цело – дропки (5)<br>Збирки задачи VI, VII, VIII и IX (2) | |
| Физика | Динамометри (4)<br>Стаклена прачка за електризирање<br>Ебонитна прачка за електризирање<br>Амперметар (1)<br>Звучна вилушка<br>Сверно огледало<br>Оптичка клупа (со леќи)<br>Њутнов диск (2)<br>Прачковиден магнет<br>Потковичест магнет<br>Мали магнетни игли<br>Оптички леќи (2)<br>Трансформатор<br>Демонстратор на I Њутнов закон Димензии: 10h10h8 см<br>Демонстратор на II Њутнов закон Димензии: 95h8h22sm<br>Електроскоп | Вимсхерсова машина, рачен генератор |

| | | |
|---|---|---|
| | Електромагнет<br>Демонстратор за Архимедовиот закон<br>Демонстратор на Паскаловиот закон<br>Резонатор виљушка 400 Hz<br>Динамометар 5 N | |
| Природни науки | Тематски читанки и постери, магнети, струјно коло скоро се | Постери со делови на човечко тело, теглички, епрувети, садови, чашки, магнети, компас |
| Хемија | Основна опрема за хемиски обиди и реакции<br>таблица на периоден систем<br>збирка на руди и минерали<br>ѕидни слики за ковалентна и јонска врска<br>таблица на периоден систем<br>збирка на руди и минерали<br>ѕидни слики за ковалентна и јонска врска<br>спиритна ламба<br>термометар<br>лупи<br>мензури<br>порцеланско садче | Плакат со периоден систем на елементите, раствори и течности за хемиски експерименти |
| Биологија | микроскоп со зголемување до 1000 пати - 2<br>микроскопски препарати за корен, стебло и<br>лист по 2 примерока од секое<br>микроскопски препарати за растителни и<br>животински ткива по 2 прмерока од секое<br>пластичен модел на органи кај човек: срце, мозок, бубрези и женски полов систем<br>пластичен скелет<br>човечко тело - торзо со внатрешни органи на расклопување<br>слики од анатомија на човек: сетилни органи, срце, крвоток, нервен систем, лифен систем, дигестивен | Постери за различни теми од биосферата, природни појави , процеси во човечкото тело, растенијата |

| | | |
|---|---|---|
| | систем, респираторен систем, коски, мускули.<br><br>предметни и покровни микроскопски стакла<br>Микроскоп Димензии: | |
| Општество | Сообраќајни знаци, географски карти, глобус, постери со зеленчук, овошје, животни и годишни времиња, Сообраќајни средства, глобуси, карти на Македонија, | Плакат на тема „Народни херои“, |
| Географија | Географски карти, глобус | |
| Историја | Историски карти | |
| Етика | Енциклопедии | |
| Музичко о. | Дрвени стапчиња за удирање, синтисајзер, детски музички инструменти ЦД плеер | детски музички инструменти, смарт табла |
| Ликовно о. | | |
| ФЗО | Мрежа за одбојка (со стативи) 1<br>Мрежи за гол 2<br>Сталки за скокање во височина<br>Маркери за одбележување играчи -<br>Гимнастички душеци<br>Маса за пинг – понг<br>Палки за пинг – понг<br>Мрежа за пинг – понг<br>Мрежа за одбојка (без стативи) 1<br>Координациони скали<br>Топка за одбојка<br>Топка за ракомет<br>Топка за кошарка<br>Топка за фудбал<br>Јажиња за скокање долги 1,5m- 2,3m<br>дебелина 0,75cm – 6<br>Конус маркери сет 1/40<br>Сет пластични маркери за обележување почеток и крај на спортски терен и негова организација | јажиња, кош соодветни за помалите ученици |

| | | |
|---|---|---|
| Информатика | Компјутери | Лап топи за ученици |

2.5. Податоци за училишната библиотека
(Се наведува вид на библиотечниот фонд: учебници, лектири, стручна литература за наставници и стручни соработници, сериски публикации итн).

| Ред.бр. | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| 1. | Лектири | 2241 |
| 2. | Белетристика | 4949 |
| 3. | Стручна литература, публикации | 233 |
| 4. | Странска литература | 519 |
| | Вкупно | 7942 |

2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

| Што се преуредува или обновува | Површина во $m^2$ | Намена |
|---|---|---|
| Тоалети | 72 | Подобрување на хигиенските услови |
| Покрив во ПУ Миравци , ПУ Милетково | 232 | Заштита и обнова на кров |
| | | |

## 3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

### 3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

| Ред. бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Марија Ристова | 1997 | Професор по одд. настава | 7 | Одд.наст. второ одд. | Благица Радинска | 1 |
| 2. | Васка Ефтимова | 1973 | Професор по одд.н. | 7 | Одд.наст ПУ Милетково | | 22 |
| 3. | Сузана Беќарова | 1961 | Наставник по одд.н. | 6 | Одд.наст прво одд. | | 38 |
| 4. | Жаклина Стојанова | 1984 | Професор по одд.н. | 7 | Одд.наст. Второ одд. | | 16 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Кристина Петкова | 1975 | Професор по одд.н. | 7 | Одд.наст. Трето одд. | | 21 |
| 6. | Марија Ничевска | 1982 | Професор по одд.н. | 7 | Одд.наст. ПУ Давидово | | 7 |
| 7. | Марија Динова | 1984 | Професор по одд.н. | 7 | Одд.наст Петто одд. | | 0,6 |
| 8. | Благица Ѓореска | 1984 | Професор по одд.н. | 7 | Одд.наст. ПУ Смоквица | | 18 |
| 9. | Маја Танова | 1972 | Професор Макед.ј. | 7 | Наставник Македон.ј | | 15 |
| 10. | Лазар Ангеловски | 1972 | Професор Математика | 7 | Наставник Математика | | 21 |
| 11. | Тања Ристова | 1985 | Наставник Биологија | 7 | Наставник Хемија, Природни науки Унап.на здрав. Воспит. за околината | | |
| 12. | Елизабета Јаневска | 1976 | Наставниик Биологија | 7 | Наставник Биологија | | 10 |
| 13. | Ѓорѓе Шаренков | 1987 | Наставник Географија | 7 | Наставник Географија | | 7 |
| 14. | Кристина Младеновска | 1988 | Професор Информатика | 7 | Наставник Информатика | | 6 |
| | Марјан Бучков | 1994 | Професор Историја | 7 | Наставник историја граѓанско о. | | 4 |
| 15. | Тони Добарџиев | 1971 | Професор ФЗО | 7 | Наставник ФЗО | | 24 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16. | Горан Костадинов | 1990 | Професор Музичко о. | 7 | Наставник Музичко о. | | 4 |
| 17. | Михаил Петров | 1960 | Професор Ликовно о. | 7 | Наставник Ликовно о. | | 22 |
| 18. | Тодорка Ризова | 1966 | Професор Филозофија | 7 | Наставник Запозн. со религии, Етика | | 10 |
| 19. | Никола Малевски | 1974 | Професор Англиски ј. | 7 | Наставник Англиски ј. | | 15 |
| 20. | Сузана Ѓоргиева | 1986 | Професор Англиски ј. | 7 | Наставник Англиски ј. | | 14 |
| 21. | Доне Ристовски | 1987 | Професор ФЗО | 7 | Наставник ФЗО | | 10 |
| 22. | Марјан Ќиров | 1997 | Професор по англиска книжевност | 7 | Наставник германски јазик | | 2 |
| 23. | Магдалена Цотова | 1971 | Професор по физика | 7 | Наставник физика | | 21 |
| 24. | Марјана Зрлинова | 1990 | | 7 | | | |
| 25. | Ивана Ристова | 1985 | Дипломиран педагог | 7 | Педагог | | 8 |

3.2. Податоци за раководните лица

| **Ред. број** | **Име и презиме** | **Година на раѓање** | **Звање** | **Степен на образо-вание** | **Работно место** | **Ментор/ советник** | **Години на стаж** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Каролина Димитрова | 1980 | Професор по одделен. н. | 7 | директор | | **15** |

## 3.3. Податоци за воспитувачите

Во нашето училиште немаме вработено воспитувач. Наставата со првачињата си ја водат одделенските наставници, кои потоа продолжуваат да ги водат и во следните одделенија.

| **Ред. Број** | **Име и презиме** | **Година на раѓање** | **Звање** | **Степен на образо-вание** | **Работно место** | **Ментор/ советник** | **Години на стаж** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **/** | | | | | | |
| | / | | | | | | |
| | / | | | | | | |

## 3.4. Податоци за вработените административни службеници

(Се наведуваат основните податоци за вработените административни службеници).

| **Ред. број** | **Име и презиме** | **Година на раѓање** | **Звање** | **Степен на образо-вание** | **Работно место** | **Години на стаж** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонка Динолова | 1964 | Еконо-мист | 6 | Секретар | 36 |

## 3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица

| **Ред. број** | **Име и презиме** | **Година на раѓање** | **Звање** | **Степен на образо-вание** | **Работно место** | **Години на стаж** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Коки Атанасов | 1989 | техничар | Средно | Хаус мајстор | 11 |
| 2. | Душица Велкова | 1974 | техничар | основно | Хигиеничар | 24 |
| 3. | Христина Јовановска | 1974 | техничар | основно | Хигиеничар | 15 |
| 4. | Благица Оризарова | 1976 | техничар | основно | Хигиеничар | 15 |
| 5. | Николина Бачева | 1967 | техничар | основно | Хигиеничар | 28 |
| 6. | Сашко Стојков | 1981 | техничар | основно | Хигиеничар | 13 |
| 7. | Васка Несторова | 1968 | техничар | основно | Хигиеничар | 4 |

## 3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори

Во нашето училиште нема вработено образовен медијатор, ниту деца кои се подолго време надвор од образовниот систем.

| Ред. број | Име и презиме на образовниот медијатор | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Години на стаж | Временски период за кој е ангажиран образовниот медијатор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | / | / | / | / | / | / |

## 3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| Кадар | вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | други | |
| | | М | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | 34 | 10 | 24 | | | | | | | | | | |
| **Број на наставен кадар** | 24 | 8 | 16 | | | | | | | | | | |
| **Број на воспитувачи** | | | | | | | | | | | | | |
| **Број на стручни соработници** | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| **Администра-тивни работници** | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| **Помошно-технички кадар** | 7 | 2 | 5 | | | | | | | | | | |
| **Директор** | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| **Помошник директор** | / | | | | | | | | | | | | |
| **Образовни медијатори** | / | | | | | | | | | | | | |

3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии-втор циклус | / |
| Високо образование | 25 |
| Виша стручна спрема | 2 |
| Средно образование | 1 |
| Основно образование | 6 |

3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 3 |
| 31-40 | 12 |
| 41-50 | 10 |
| 51-60 | 8 |
| 61 - пензија | 1 |

3.10. Податоци за учениците во основното училиште

Детето со запишување во основно училиште стекнува статус на ученик. Децата, кои во учебната 2023/2024 година ќе учат во прво одделение, се запишаа во училиште во текот на месец мај, оваа година. Согласно законот, во прво одделение се запишаа 21 дете од петте населени места Миравци, Давидово, Смоквица Милетково и Петрово кои до крајот на календарската 2023 година ќе наполнат 6 години. Запишувањето на првачињата во училиште го изврши трочлена комисија во состав:

Ивана ристова – педагог;

Васка Ефтимова – одделенски наставник;

Сузана Беќарова – одделенски наставник.

Заедно со новозапишаните ученици во прво одделение, во учебната 2023/2024 година во ООУ „Климент Охридски“ ќе учат вкупно 143 ученици, со скоро еднаква застапеност на двата пола. По националност сите ученици се македонци.

| ООУ„Климент Охридски“ | машки | женски | вкупно | паралелки |
|---|---|---|---|---|
| с. Смоквица | 2 | / | 2 | 1 |
| с. Милетково | 2 | / | 2 | 1 |
| с. Давидово | 3 | 3 | 6 | 1 |
| ЦОУ Миравци | 5 | 6 | **11** | 1 |
| ВКУПНО | 12 | 9 | **21** | 4 |

| Одд. | Број на пара-лелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците,ЦОУ Миравци | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 1 | 11 | 5 | 6 | | | | | | | | | | |
| II | 1 | 11 | 5 | 6 | | | | | | | | | | |
| III | 1 | 13 | 8 | 5 | | | | | | | | | | |
| IV | 1 | 13 | 6 | 7 | | | | | | | | | | |
| V | 1 | 14 | 9 | 5 | | | | | | | | | | |
| **I – V** | **5** | **62** | **33** | **29** | | | | | | | | | | |
| VI | 1 | 14 | 9 | 5 | | | | | | | | | | |
| VII | 1 | 11 | 6 | 5 | | | | | | | | | | |
| VIII | 1 | 14 | 9 | 5 | | | | | | | | | | |
| IX | 1 | 19 | 10 | 9 | | | | | | | | | | |
| **VI-IX** | **4** | **58** | **34** | **24** | | | | | | | | | | |
| **I –IX** | **9** | **120** | **67** | **53** | | | | | | | | | | |

...

| Одд. | Број на пара-лелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците, ПУ Давидово | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | | 6 | 3 | 3 | | | | | | | | | | |
| II | | 3 | 1 | 2 | | | | | | | | | | |
| III | 1 | 2 | 1 | 1 | | | | | | | | | | |
| IV | | | | | | | | | | | | | | |
| V | | | | | | | | | | | | | | |
| **I - V** | 1 | **11** | **5** | **6** | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **VI** | | | | | | | | | | | | | | |
| **VII** | | | | | | | | | | | | | | |
| **VIII** | | | | | | | | | | | | | | |
| **IX** | | | | | | | | | | | | | | |

.....

| **Одд.** | **Број на пара-лелки** | **Број на ученици** | **Етничка и родова структура на учениците, ПУ Милетково** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Срби** | | **Роми** | | **други** | |
| | | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **I** | | 2 | 2 | / | | | | | | | | | | |
| **II** | | 1 | 1 | | | | | | | | | | | |
| **III** | 1 | 1 | / | 1 | | | | | | | | | | |
| **IV** | | | | / | | | | | | | | | | |
| **V** | | | | / | | | | | | | | | | |
| **I - V** | 1 | **4** | **3** | **1** | | | | | | | | | | |
| **VI** | | | | | | | | | | | | | | |
| **VII** | | | | | | | | | | | | | | |
| **VIII** | | | | | | | | | | | | | | |
| **IX** | | | | | | | | | | | | | | |
| **VI-IX** | | | | | | | | | | | | | | |
| **I – IX** | | | | | | | | | | | | | | |

| **Одд.** | **Број на пара-лелки** | **Број на ученици** | **Етничка и родова структура на учениците, ПУ Смоквица** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Срби** | | **Роми** | | **Други** | |
| | | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **I** | | 2 | 2 | / | | | | | | | | | | |
| **II** | | / | / | / | | | | | | | | | | |
| **III** | | / | / | / | | | | | | | | | | |
| **IV** | | / | / | / | | | | | | | | | | |
| **V** | | 2 | / | 2 | | | | | | | | | | |
| **I –V** | 1 | **4** | **2** | **2** | | | | | | | | | | |
| **VI** | | | | | | | | | | | | | | |
| **VII** | | | | | | | | | | | | | | |
| **VIII** | | | | | | | | | | | | | | |
| **IX** | | | | | | | | | | | | | | |
| **VI-IX** | | | | | | | | | | | | | | |
| **I -IX** | | | | | | | | | | | | | | |

## 4. Материјално-финансиско работење на основното училиште

Според законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија, општината добива средства, блок дотации од Буџетот на РСМ. Тие средства се распределуваат на основните училишта за да се обезбеди реализација воспитно-образовниот процес во согласност со утврдените стандарди и нормативи. Општината може да ги дополни средствата од буџетот на општината.

Училиштето располага со три сметки:

1.Сметка од блок дотации;

2.Самофинансирачка сметка и

3. Сметка на која се добиваат средства од буџетот на општината.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Потребите од нагледни средства се согледуваат преку барањата на стручните активи, а истите се планираат во Развојниот план на училиштето.

Во месец февруари завршна сметка се доставува до општината, Централниот регистар, Управа за јавни приходи и Државен завод за ревизија. Во месец октомври-ноември се разгледува и донесува Финансов план за наредната година предложен од директорот на училиштето односно раководниот орган. Опременоста со наставни средства и помагала придонесува за зголемување на активноста на учениците, подигање на квалитетот на наставата и реализирање на наставните програми.

Училишниот одбор го следи тековното, наменското трошење на училишниот буџет на сите сметки со кои располага, на состаноци кои се одржуваат преку целата тековна година со цел да се запознаат рамките на финансовиот план и почитување на законските норми. На состаноците се дава известување за секоја потреба од промена на буџетот и секоја промена на средствата. Училишниот одбор донесува одлука за промена на средствата и истата со изменет финансов план се проследува на одобрување од страна на Советот на општина Гевгелија.

## 5. Мисија и визија

Принципи на кои се темели работата на нашето училиште се: создавање услови за развој на демократичноста и индивидуалните способности на учениците, ефикасност во образованието, воведување на основните воспитно образовни стандарди, развивање на соработката меѓу учениците, наставниците и родителите, поврзување со локалната средина, меѓуетничка интеграција и интеграција на децата со пречки во развојот.

Поаѓајќи од овие општи и заеднички принципи, нашето училиште оформи и усвои своја мисија на која се темели реализацијата на развојниот план на училиштето.

Изјавата за мисија на нашето училиште е:

,,Нашето училиште во интеграција со стручни институции им помага на наставниците кои се подготвени за промени и понатамошно усовршување на работата со учениците,,

Иднината е најсуштествена нит која е вплотена во сите пори на училишното живеење. Децата се иднината. Оваа мисла е преточена во нашата нова визија.

Изјава за визија на нашето училиште е:

Сакаме нашето училиште да образува ученици кои поаѓајќи од традицијата на својот народ, вдахновени со мудрост и труд, почитувајќи ги различностите, да ги достигнат врвовите на сопствените можности!

## 6. ,,Lessons Learned,, -Веќе научено/ Стекнати искуства

Ако се осврнеме наназад, нашиот досегашен успех се темели на вложувањата на сите засегнати субјекти: вработените во ООУ„Климент Охридски" —, учениците и нивните родители. Тимската работа е она што не издигна до тоа ниво Во годината што замина, стекнавме практични сознанија дека со примена на активна настава, нови начини и методи на учење и оценување, разновидноста на начините на континуираната примена на ИКТ во наставата внесе освежување и позитивни придвижувања во однос на заинтересираноста на учениците за учење, како и подобрено самооценување. Сето ова се прифати како професионален предизвик од страна на сите наставници, стручни соработници и директорот, затоа што сметаме дека истото ќе им помогне на учениците да напредуваат во рамките на своите способности и афинитети.

Учениците и родителите исто така го почувствуваа позитивното влијание на активните методи на учење и оценување, со заклучок дека треба да се продолжи со оваа и други наставни пракси кои максимално му овозможуваат успех на секој ученик.

Поаѓајќи од ова искуство, планираме да продолжиме во овој правец, а секако и да го прошириме курикулумот на дидактичките средства применувајќи ги во наставата, како би се поттикнала заинтересираноста на учениците за вложување повеќе напори и интерес во процесот на учење.

ООУ„ Климент Охридски" како училиште е препознатливо по својот континуиран развој, максималната искористеност и функционалноста на својот простор, а посебно по организираноста и постигнатите резултати. Наставниот процес се одвива спрема планирањата, без проблеми, а наставата е современа со користење на современи дидактички методи и средства. Од поодамна сме свесни за брзиот развој на технологијата, за новите интереси на младите луѓе и за тоа дека новите генерации ученици бараат нови пристапи и својот развој го насочуваме во таа насока. Повеќе години наназад нашите ученици постигнуваат добри резултати на различни натпревари и тоа е дополнителен мотив да се вложиме во индивидуалниот пристап кон секој ученик и да го развиваме неговиот потенцијал. Учениците се вклучени во процесот на оценувањето кое е континуирано, систематско и релијабилно. Нашите ученици го задржуваат нивото на успех во понатамошното школување или постигнуваат и подобар успех.

За успешно постигање на поставените цели училиштето најмногу ги користи искуствата добиени од:

➢ Опременоста на училиштето со нагледен наставен материјал е добар предуслов за успешно изведена настава;

➢ Соработката со родителите води кон подобар резултат за успехот на учениците;

➢ Успешната работа на психолошко-педагошката служба води кон подобри резултати

кај учениците;
➢ Посетата на семинари и советувања од страна на наставниците дава добри резултати во модернизација и усовршување на наставата;
➢ Вклученоста и изработката на проекти води кон добри резултати (интегрирано и интеркултурно образование, унапредување на наставата и др.),
➢ Организирањето на наставата, планирањето и подготовката, следењето и оценувањето на учениците, изборот на форми,методи и техники од страна на наставниците, води кон унапредување и надградување на наставниците;
➢ Уредувањето на училници, игралишта, училишен двор и слично е чекор кон правење на училишната средина на пријатно место за работа, учење и престој;
➢ Водењето (изведувањето) екскурзии, натпревари, настава во природа и друго поттикнува јакнење на духот и телото кај наставниците / учениците;
➢ Изготвувањето на тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците е показател за континуирано следење на постигањата и успехот на учениците.

Се продолжува со работа по „Програмата Кембриџ“ за учениците од прво до деветто одделение по наставните предмети природни науки, математика, физика, хемија.

Од учебната 2021/2022 година во прво и четврто одделение почна да се спроведува новата Концепција за основно образование, во учебната 2022/2023 година во второ и петто одделение почна да се спроведува новата Концепција за основно образование, а оваа учебна 2023/2024 година се опфаќа трето и шесто одделение со новата Концепција за основно образование.

## 7. Подрачја на промени, приоритети и цели

Кон крајот на учебната 2022/23 година, со цел да се добие претстава каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања и потреби, како и да се надминат согледаните слаби страни, се изврши Самоевалуација на работата на училиштето за изминатите две учебни години. Потоа произлезе Развојниот план и програма за нашето училиште за наредните четири учебни години, каде се дефинираа идните приоритетни подрачја. Во таа насока работеа тимови наставници, педагогот и директорот, па врз основа на тоа се изработи извештај.

Врз основа на согледувањата, по подрачја, може да се заклучи следново:

### 1. <u>**Наставни планови и програми**</u>

Минатата учебна година обезбедивме образовни асистенти кои им ја пружат соодветната помош и поддршка на ученици со ПОП за време на часовите и потоа.

Учебната 2021/22 година се отпочна со имплентирањето на новата Концепција на наставна работа. Имплементацијата се одвива сукцесивно, почнувајќи со промени на истата во I и IV одделение. Промената се состои од разлика во број на часови и наставни предмети.

Имплементацијата продолжи и во учебна 2022/2023 година со II и V одделение, а во оваа учебна 2023/2024 година и во III и VI одделение.

Од страна на наставниците имаме заинтересираност и иницијативност во организацијата и спроведувањето на предвидените активности, додека од родителите значително помалку.

Во оваа учебна ггодина, се планира.....

- Поголема вклученост и активност на родителите во воспитно-образовниот процес на учениците;
- Изготвување план и стратегија од страна на наставниците за полесно совладување на НПП по новата концепција;
- Обучување на наставниците за успешно користење на смарт таблите и друга ИКТ опрема;
- Ставање во функција на Училишниот спортски клуб спрема потребите на учениците.

## 2. Постигнувања на учениците

Како и секоја претходна така и учебната 2022/23 година постигањата на учениците се следеа континуирано по секој наставен предмет во секое одделение. За секој квалификационен период добиваа описна или бројчана оценка во зависност од законската обврска за соодветното одделение. Наставата се изведува на македонски јазик, сите ученици се Македонци.

За подобрување на постигањата, училиштето постојано ги мотивира учениците со тоа што го истакнува нивниот значителен придонес во личниот напредок, ги охрабрува да вложуваат во сопственото образование а со тоа и формирање на продуктивна личност. Материјалното мотивирање е скромно и поради тоа училиштето ќе се труди во иднина да биде во можност да ги наградува и мотивира соодветно на постигнувањата подеднакво и учениците кои се трудат преку годината и покажуваат значајни резулати така и наставниците кои вредно и трудољубиво ја исполнуваат својата дејност.

Во оваа учебна година, се планира.....

- Подобрување и почитување на Кодексот на однесување (користење на мобилни телефони) од страна на учениците во училиштето;
- Да се изготви процедура за следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус преку дијагностичко оценување;
- Да се изгради систем за идентификување и работа со талентирани и надарени ученици, како и за работа со ученици со посебни образовни потреби.

## 3. Учење и настава

За реализација на наставните планови и програми, пред почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат годишни, тематски наставни планови и развојно процесни планирања и програми преку кои систематски и организирано ги реализираат предвидените наставни содржини.

Оваа учебна година има нови развојно - процесни планирања за III и VI одделение според Концепцијата за основно образование и новите наставни програми. Претходно се направени обуки според Концепцијата за основно образование за наставниците од III одделение и наставниците од сите наставни предмети од VI одделение. Во текот на изработка на истите, наставниците се консултираат меѓусебно, се консултираат со педагогот, дефектологот, образовен асистент и директорот, како и со колеги од други училишта, со своите советници и др. Покрај големата промена и потребата од брзо делување и прилагодување во однос на подготовката на наставните планови и програми, сиот воспитно-образовен кадар професионално, брзо и ефикасно си ги извршува обврските.

Современата настава бара користење на различни форми за интеракција со учениците. Затоа и наставата која ја изведуваат наставниците со учениците ја реализираат со користење на предзнаењата на учениците, водење дискусии, изработка на проектни задачи, демонстрација, презентации, индивидуална работа во писмена и електронска форма и сл. Комуникацијата меѓу наставниците и учениците е динамична и разновидна. Се изведуваат различни презентации, експерименти, истражувања и др.

За својот напредок учениците добиваат информации од самите наставници (директна), од одделенскиот радоводител на одделенскиот час, евидентни листови, преглед на оценки во одредени периоди од учебната година, свидетелства за описно и бројчано оценување. За напредокот на учениците на родителите вообичаено им се даваат информации: усни преку родителски средби, индивидуални разговори и на приемен ден, писмени преку евидентни листови, преглед на оценки, свидетелство и преку известување од е-дневникот.

За родители и ученици кои покажуваат слаб успех, нередовност во наставата или манифестираат несоодветно однесување, педагогот реализира советување.

Во оваа учебна година, се планира.....

- Изнаоѓање просторно решение за реализирање на кабинетска настава
- Обуки за препознавање рана стимулација и работа со надарени и талентирани деца.
- Организирање семинари и обука за наставниците за подобрување на професионалниот развој;

4. **<u>Поддршка на учениците</u>**

Училиштето претставува безбедна и стимулативна средина каде на секој ученик му е овозможено да го следи воспитно-образовниот процес. Емоционалните, физичките и социјалните потреби на сите момчиња и девојчиња училиштето ги проценува преку набљудување, разговори, дискусии на одделенски час, преку разговори на учениците со педагогот и директорот на училиштето, преку разговори на одделенскиот раководител и предметните наставници, родителите на учениците итн.

Грижата за учениците е постојана. Поврзано со безбедноста е и грижата за здравјето на учениците. Тоа се манифестира преку реализација на различни наставни содржини, преку редовни контроли на личната хигиена на учениците, преку секојдневно детално чистење и дезинфекција на целото училиште, преку редовни систематски прегледи и имунизација на учениците и вработените, преку следење на отсуства на ученици во периодите од учебната година кога има масовна појава на некои сезонски, заразни болести и друго. Оваа учебна година посебно внимание ќе се посветувс на придржување на мерките за заштита од заразни болести.

Нашето училиште се грижи да им помогне на учениците во изборот за нивното понатамошно образование. На одделенските часови се обработуваат теми преку кои се

насочуваат учениците да развијат способност да размислуваат, да проценуваат, да ги идентификуваат своите способности, потреби и желби. Исто така, од страна на педагогот се реализираат средби со учениците од деветто одделение на кои се анализираат начините на препознавање на своите можности, запознавање со барањата на некои професии, увидување на своите шанси за запишување во она средно училиште каде имаат желба да се запишат. Се разгледуваат конкурсните услови, начините на бодирање, каква документација треба да поднесат при запишување итн.

За предизвиците со кои се соочуваат момчињата и девојчињата во периодот на пубертет и пред адолесцентната возраст, училиштето преку постојана комуникација со ученик-педагог-родител-наставник се труди да дава поддршка и едукација за претпазливост и превенција од предвремена бременост или сексуално преносливи болести. Тенденцијата е да им помогнеме на учениците најбезбедно да преминат од една развојна фаза во друга без да го загрозат својот напредок во воспитно-образовниот процес.

Во оваа учебна година се планира...

- Поставување на разладни уреди во сите училници за овозможување нормално одвивање на наставата во летниот период;
- Подобрување на условите за реализација на настава во ЦОУ и ПУ:

-Обелување на училниците во ПУ;

-Изработка на плакари во остави и кабинети во ЦОУ;

-Промена на лимарија на дел од кров на спортската сала (машка и женска соблекувална);

-Промена на азбестен кров во ПУ Милетково и реконструкција на дел од таванот;

-Нова фасада во ПУ Смоквица;

5. **Училишна клима**

Во нашето училиште односот помеѓу наставниците, како и односот меѓу учениците и наставниците традиционално се базира на взаемно почитување (со ретки исклучоци). Секојдневната соработка меѓу наставниците бара меѓусебно разбирање, почитување, договарање, поддршка. Таа позитивна комуникација силно влијае врз ефектите од работата.

Односите меѓу учениците од ист или со различен пол се базира на взаемно почитување со исклучок на неколку случаи за кои е побарана дополнителна помош од стручни лица. Добрата соработка меѓу учениците од ист и различен пол ја прави позитивна климата за работа на часовите и во училиштето. Може да се заклучи дека имаше релаксирана и опуштена клима за време на часовите и големите/малите одмори помеѓу часовите.

Во оваа учебна година , се планира.....

- Поголема активност на ученичката заедница на сите нивоа, во поглед на детектирање на нивните потреби

6. **Ресурси**

Основното училиште во Миравци има одлични услови за работа. Располага со 11 стандардни простории и наставата се реализира кабинетски. Сите простории се користат максимално од страна на сите ученици. Заедничките простории: трпезарија, аула, ходници, канцеларии се користат од страна на сите ученици и вработени.

Во текот на изминатите три години во централното училиште се извршени комплетна замена на прозорци и врати како внатрешни така и надворешни, со нови РИС прозорци и врати. Во сите училници се монтирани нови завеси и надградба на парно во оние училници и простории кои преку зимата не се затоплуваа доволно. Постојано се врши уредување на холот, во текот на изминатата учебна година се изгради тоалет за деца со посебни потреби со тоа што се пренамени и измени дел од ходникот, додека во санитарните јазли се променија плочките и се поставија клозетски шолји. Во подрачните училишта училиштиот простор е адекватен, се користи максимално од сите ученици. Заеднички простории има во сите подрачни училишта (училници прилагодени во сали за физичко, за играње на одмор кога е ладно или жешко, простор за исхрана). Состојбата со санитарните јазли секаде се нови, соодветни и ги задоволуваат санитарно хигиенските прописи.

Во оваа учебна година , се планира.....

- Обезбедување обуки на наставниот кадар согласно изразените потреби (пр.за да се овозможи изучување на слободен изборен предмет - шах);
- Доуредување на внатрешноста на училишната зграда со поставување клупи и уредување на катчиња за седење низ училишните ходници како и збогатување на просторот со разни тематски мурали;
- Потреба од изградба на потпорен ѕид во ЦОУ во западно крило помеѓу училишната зграда и паркинг просторот;

7. **Управување, водење и креирање политика**

Современото општество налага и современа настава прилагодена на системот на организација на општеството и на потребите на учениците. Тоа пак бара вложување на посебни напори кои ќе бидат насочени кон подобрување на воспитно образовната дејност и вклучување на сите релевантни фактори и раководни органи, како што се: Училишниот одбор, директорот на училиштето, со нивните улоги и одговорности.

Училишниот одбор во нашето училиште ја контролира и унапредува работата на училиштето. Во овој управен орган учествуваат 7 члена ( мажи и жени), претставници од наставниците, родителите, локалната власт. Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа. УО има воспоставено партнерски односи со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури. Директорот, како дел од раководен орган, ја има улогата на координатор, го споделува планирањето и одлучувањето, соработува и дава поддршка, настојува да се работи тимски и професионално за да се постигне што е можно подобар успех во воспитно образовниот

процес во нашето училиште. Во училиштето се јасно дефинирани надлежностите за управување и администрирање.

Преку средби, разговори и активно вклучување на наставниците, учениците и родителите во разни проекти и активности, раководниот тим соработува во размена на идеи и разрешување на проблеми кои имаат за цел унапредување на воспитно-образовниот процес, подобрување на климата во училиштето, подобрување на условите за работа, опременоста со наставни средства и други помагала, примена на современи форми, методи и техники на работа, кои обезбедуваат поактивна улога на учениците, наставниците и родителите.

Раководството на нашето училиште постојано е отворено за соработка и за нови идеи, за да се направи пријатна и безбедна средина за работа за учениците и вработените. Постои соработка со родителите, но сепак потребно е истата да се подобри. Има добар дел од родителите кои не го посетуваат училиштето ниту на отворен ден за соработка, ниту на родителски средби. Исто така и Советот на родители треба да покаже поголема активност и иницијатива во спроведувањето на одредени активности во кои може да даде свој придонес.

Локалната заедница го помага училиштето во санирање на приоритетни градежни работи и други организациски планирања.

Постои одредена соработка со деловната заедница при реализација на одредени содржини од наставната програма. Се посетуваат институции, стопански организации или занаетчиски работилници во населеното место и во пошироката околина.

Во оваа учебна година се планира.....

- Вклучување на родителите преку Совет на родители во детектирање на подрачјата на промени и приоритетите со развојното планирање на училиштето;
- Поттикнување на Училишниот одбор, за предлагање иницијативи и носење одлуки за подобрување на условите во училиштето и организацијата на наставата и воннаставните активности;

## 7.1. План за евалуација на акциските планови

Со следењето или формативната евалуација се проверува и утврдува дали акциониот план се остварува и се проценува колку добро се остварува, за да може да се преземат корективни активности штом ќе биде неопходно. Процедурите за следењето вклучуваат: состаноци на кои се разговара за напредокот во однос на критериумите на успех, се нагласуваат тешкотиите, се предлагаат мерки за решавање проблеми; со неформали дискусии или формални разговори со учесниците од училиштето за да се добијат повратни информации за активностите, доцнењата, одложувањата, потребните ресурси и почитувањето на роковите и сл.

**-Одговорни за следење** се директор, училишен одбор, стручна служба, училишни тимови, наставници, ученици, совет на родители.

- Тим за ПРУ, ученичка заедница, одговорен наставник за работа со УЗ
- Тим за ПРУ, Стручни соработници
- Тим за ПРУ, наставници, ученици, стручни соработници

**-Критериум за успех** - (претставува ниво и квалитет на промената која сакаме да ја постигнеме).

ВНА на учениците, редовно учество, постигнати резултати, доследност во спроведувањето на активностите.

**-Инструменти** - (тестови на знаења, скали на проценка, прашалници, потсетник за водење на интервју, протоколи за набљудувања и опсервации).

Програма за работа на УЗ, записници; Анкета за родители за избор на теми; анкета за ученици за избор и учество на ВНА.

**-Индикатори за успешност** - просекот на оценките е покачен, се намалува бројот на слаби оценки, зголемена соработка со родителите, зголемен е бројот на различни видови стратегии за оценување.

- Акционен план за ВНА од ученичкиот парламент и од стручните активи
- годишен извештај за реализирани ВНА
- Записник од СР
- полугодишен и годишен извештај за работата на СР
- акциски план за реализација на предавања, трибини и работилници за родители

**-Повратна информација** - (се дава информација за постигнувањата и препораки за подобрување на успехот, мотивацијата, самостојноста во учењето, вреднување на напредокот на учениците итн.).

## 8. Програми и организација на работата во основното училиште

### 8.1 Календар за организацијата и работата во основното училиште

Врз основа на член 52 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), министерот за образование и наука донесе

# К А Л Е Н Д А Р

## ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

## ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

### Член 1

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно образовната дејност и ученички одмор за учебната 2023/2024 година.

### Член 2

Учебната година во основните училишта започнува на 1 септември 2023 година, а завршува на 31 август 2024 година. Наставната година започнува на 1 септември 2023 година и завршува на 17 јуни 2024 година.

### Член 3

Наставната година ја сочинуваат две полугодија- I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2023 година и завршува на 29 декември 2023 година. Второто полугодие да започне на 22 јануари 2024 година и завршува на 17 јуни 2024 година.

### Член 4

Во текот на учебната година учениците користат зимски, пролетен и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 30 декември 2023 година и завршува на 19 јануари 2024 година. За време на зимскиот одмор вработените во училиштето од 2 јануари 2024 година до 12 јануари 2024 година користат платени работни денови. Пролетниот распуст започнува на 29 април и завршува на 6 мај 2024 година. Летниот одмор започнува на 18 јуни 2024 година и завршува на 31 август 2024 година.

### Член 5

Основните училишта од 18 јуни до 1 јули 2024 година организираат дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити, а од 15 август до 21 август 2024 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош на учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите.

### Член 6

Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.

### Член 7

Во учебната 2023/2024 година наставата се остварува во 180 наставни денови.

Член 8

На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации. Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува со културни и други манифестации. Денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми за манифестациите од ставовите 1 и 2 на овој член.

Член 9

Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии, денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми. За учениците кои не ги посетуваат ученичките екскурзии, училиштето организира редовна настава согласно распоредот на наставни часови.

Член 10

Со денот на отпочнувањето на примената на овој календар престанува да важи Календарот за организација на работата на основните училишта во учебната 2022/2023 година („Службен весник на Република Северна Македнија“ бр. 178/22 и 6/23). Член 11 Овој календар влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 септември 2023.

Бр.18-8242/1 Министер за образование и наука,

03.08.2023 година Doc.Dr. Jeton Shaqir, с.р. Скопје

Еколошки календар

| | |
|---|---|
| **16 септември** | **Светски ден за заштита на озонската обвивка** |
| **22 септември** | **Меѓународен ден без автомобили** |
| **08 октомври** | **Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата** |
| **15 октомври** | **Меѓународен ден на пешаците** |
| **16 октомври** | **Меѓународен ден на храната** |
| **5 март** | **Светски ден за заштеда на енергија** |
| **22 март** | **Светски ден за заштеда на водите** |
| **7 април** | **Светски ден на здравјето** |
| **22 април** | **Светски ден на планетата** |
| **15 мај** | **Светски ден за заштита на климата** |
| **31 мај** | **Светски ден против пушењето** |
| **5 јуни** | **Светски ден за заштита на животната средина** |

Други значајни датуми:

-01 септември- прв училишен ден
-08 септември – ден на независноста
-прва недела од октомври - Детска недела
-03 декември – светски ден на децата со посебни потреби
-08 Декември –Патронен празник на училиштето
-08 март – светски ден на жената
- 23 април – Светски ден на книгата
-04 мај – ден на загинувањето на Гоце Делчев
24 мај ден на Св Кирил и методиј и македонската азбука
и др.

8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

Нашето училиште е мало по број на ученици и на наставници. Па како основен критериум за избор е предложениот наставник да е задолжен со часови секој ден во нашето училиште (затоа што некои наставници предаваат и во други училишта).

Одделенските наставнички (осум на број) се и одделенски раководители на учениците од прво до петто одделение. За учениците од шесто до деветто одделение, одделенските раководители се предлагаат и избираат на Наставнички совет со гласање - земајќи го во предвид нивниот однос кон својата наставничка работа, но и кон останатите обврски во училиштето. Изборот на одделенските раководители се потврдува и на Училишен одбор.

Наставата во училиштето во учебната 2023/2024 година ќе ја реализираат соодветни стручно квалификувани наставници во вкупно 9 паралелки ученици. Со паралелките, согласно Законот, раководат одделенски раководители. Одделенскиот, односно раководителот на паралелката, ја остварува програмата за часот на одделенската заедница, ги анализира воспитните и наставните резултати на одделението, се грижи за решавање на воспитните и наставните проблеми на одделни ученици, соработува со родителите и стручните соработници на училиштето, предлага и одлучува за воспитните мерки и врши други работи утврдени во статутот на училиштето.

Реализацијата на наставата е основна форма на воспитно-образовната работа во училиштето. Таа ги опфаќа:

а. Настава по задолжителните предмети;

б. Настава по изборни предмети;

в. Други видови на настава со разновидна дидактичка функција

Наставата по задолжителните предмети се изведува за сите ученици од I – IX одд.

Прегледот на одговорни ***одделенски раководители по паралелки*** е даден во следната табела:

| Р.бр. | одделенски раководител | паралелка | училиште |
|---|---|---|---|
| 1. | Сузана Беќарова | I | ООУ „Климент Охридски“ с.Миравци |
| 2. | Жаклина Стојаповска | II | |
| 3. | Кристина Петкова | III | |
| 4. | Марија Ристова | IV | |
| 5. | Марија Динова | V | |
| 6. | Сузана Горѓиева | VI | |
| 7. | Тони Добарџиев | VII | |
| 8. | Маја Танова | VIII | |
| 9. | Лазар Ангеловски | IX | |

| Р.бр. | одделенски раководител | паралелка | училиште |
|---|---|---|---|
| 10. | Благица Ѓореска | I и V комбинирана | ПОУ „Ѓорги Делев“ с.Смоквица |
| 11. | Васка Ефтимова | I, II и III комбинирана | ПОУ „Ристо Динев“ с.Милетково |
| 12. | Марија Ничевска | I, II и III комбинирана | ПОУ „Гоце Делчев“ с.Давидово |

Одд. раководител ги следи постигнувањата на учениците во паралелката, соработува со наставниците, родителите, стручната служба, директорот на училиштето и др. субјекти што се заинтересирани за успехот и општиот развој на учениците. Уредно води педагошка евиденција и документација за паралелката. Одд. раководител по предлог на директорот го назначува Наставничкиот совет на училиштето. Како педагошки, организационен и административен раководител работата на одделенскиот раководител е фокусирана на:

- ангажирање околу подобрување на успехот на учениците;
- соработка со родителите на учениците;
- воспитување и воспитно делување;
- детекција на тековни проблеми или превенција на истите;
- подобрување на ученичкиот стандард;

- водење педагошка документација;
- естетско уредување на просторот на работа и учење.

Одделенскиот раководител работи по планот изготвен за учебната година.

Негови задолженија се да:

- реализира програма за животни вештини
- одржувава одделенски часови на кој се разгледуваат воспитно - образовните и други проблеми,
- изрекува пофалби, применува воспитно - педагошки мерки кон учениците за кои е овластен и предлага на одделенскиот односно наставничкиот совет ученици за награди или други педагошки мерки,
- одржува родителски средби,
- организира други видови на соработка со родителите на учениците и со самите ученици,
- соработува со стручната служба,
- го организира одделението за прослави, приредби и посети,
- им одобрува отсуство до еден ден на учениците од своето одделение,
- ги води сите видови педагошка документација

## 8.3. Работа во смени

Работата во нашето училиште се реализира во една смена(прва) како во централното, така и во трите подрачни училишта.

Наставниот час трае 40 минути. Со настава се почнува во 08:00 часот, а се завршува во 13:30 часот – согласно распоредите за работа на секое одделение и паралелка.

**За учениците од 1 до 6 одделение наставата ќе се реализира во согласност со новата Концепција за основно образование со времетраење од 5 саати.**

| Распоред на ѕвонење | |
|---|---|
| час | времетраење |
| 1 | 08.00 - 08.40 |
| 2 | 08.45 - 09.25 |
| 3 | 09.45 - 10.25 |
| 4 | 10.30 - 11.10 |
| 5 | 11.15 - 11.55 |
| 6 | 12.00 - 12.40 |
| 7 | 12.45 - 13.25 |

## 8.4. Јазик на кој се изведува наставата

| | **Македонски Јазик** | **Албански Јазик** | **Турски јазик** | **Српски јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 12 | / | / | / | / |
| **Број на ученици** | 143 | / | / | / | / |
| **Број на наставници** | 24 | / | / | / | / |

## 8.5. Проширена програма

Продолжен престој за ученици не се организира во нашето училиште.

Учениците од прво и второ одделение се практикува пречекување и испраќање од страна на нивните наставнички: Сузана Беќарова, Жаклина Стојанова, Марија Ничевска, Васка Ефтимова, Благица Ѓореска.

8.6. Комбинирани паралелки

Комбинирани паралелки имаме само по една паралелка во подрачните училишта во :

-Давидово (прво, второ и трето одделение, вкупно 11 ученици, наставничка Марија Ничевска);

-Милетково ( прво, второ и трето одделение, вкупно 4 ученици, наставничка Васка Ефтимова);

-Смоквица (прво и петто одделение, вкупно 4 ученици, наставничка Благица Ѓореска).

8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Во училиштето се изучуваат два странски јазици и тоа: задолжителен Англиски јазик за учениците од прво до деветто, а како втор странски јазик за учениците од шесто до деветто одделение, во последниве години учениците избираат и изучуваат Германски јазик. Англиски јазик предаваат Сузана Ѓоргиева и Никола Малевски, а Германски јазик Марјан Ќиров.

8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Тандем настава по Физичко и здравствено образование реализираат предметниот наставник Доне Ристовски и одделенските наставнички од прво до четврто одделение Сузана Беќарова, Жаклина Стојанова, Кристина Петкова и Марија Ристова во централното училиште. Предметниот наставник Тони Добарџиев реализира тандем настава по ФЗО заедно со Марија Ничевска, Васка Ефтимова и Благица Ѓореска во подрачните училишта.

8.9. Изборна настава

Изборните предмети даваат можност учениците да ги прошират и продлабочат знаењата по одделени наставни подрачја и да ги развиваат своите способности. Се однесува за секој ученик, а суштината се состои во тоа што самиот ученик врши избор на предметите што ќе ги изучува во зависност од своите потреби и интереси. Начинот на избор на предмети е пропишан согласно Законот за основно образование, а понудените предмети се согласно наставниот план на БРО за соодветното одделение. Оваа настава е задолжителна, а ќе ја следат ученици кои се изјаснија по претходно направена анкета. Постапката за изборот на изборните предмети во училиштето се изведува согласно Процедурата за изборни предмети:

- изготвување анкетни листови за учениците и родителите со понудени најмалку три изборни предмети, соодветни на одделението;
- анкетните листови содржат информации за наставните цели на изборниот предмет и темите кои ќе се обработуваат;
- презентирање на програмите за понудените изборни предмети пред родителите на родителска средба;
- спроведување на анкета за родителите за определување на изборен предмет;
- обработка на податоците од спроведената анкета од страна на одделенските наставници и одделенските раководители на ниво на паралелка;
- изготвување извештај за изборните предмети на ниво на училиште од страна на

стручните спорабoтници и негово презентирање на наставнички совет;

- информирање на родителите и учениците за застапените изборни предмети
- избор на наставниците кои изведуваат настава по изборните предмети - се прави согласно нормативите за наставен кадар даден во наставните програми од МОН и БРО.

Изборните предмети во нашето училиште се определуваат по пат на спроведување анкета со ученици/родители од четврто до деветто одделение.

Учениците/родителите од четврто до деветто одделение по пат на анкета ги избраа следниве изборни предмети: четврто одделение, петто одделение, шесто одделение (Запознавање со религии), седмо одделение (Воспитание за околината), осмо одделение (Унапредување на здравјето) и деветто одделение (Вештини за живеење).

8.10. Дополнителна настава

Дополнителната настава се организира за учениците од прво до деветто одделение кои во текот на редовната настава не ги постигнале очекуваните резултати од одредени наставни програми или очекуваните резултати од одредени теми/области во рамките на наставните програми. Ученици за кои се организира дополнителната настава се:

- ученици со помали предзнаења за наставниот предмет или одредена тема од наставниот предмет,
- ученци кои покажале слаби резултати од учењето (имаат негативна оценка за тој очекуван резултат или тема),
- ученици што подолго време отсуствувале од настава и
- ученици со потешкотии во учењето.

Согласно правилникот за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта:

- ученикот од прво до петто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу два различни наставни предмети одделно,
- ученикот од шесто до деветто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу три различни наставни предмети одделно,
- дополнителната настава за ученикот трае додека ученикот не ги постигне очекуваните резултати согласно наставната програма.

Наставникот ја планира и реализира дополнителната настава со еден час седмично за наставен предмет во одредено одделение во текот на целата учебна година. Дополнителната настава, наставникот ја организира и реализира со група од најмногу 10 ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделние.

Наставникот ја реализира дополнителната настава придржувајќи се на наставната програма за конкретниот наставен предмет, а согласно потребите на учениците. Наставникот на часот за дополнителна настава во работата има индивидуален или индивидуализиран пристап. По потреба, наставникот може да организира реализација на дополнителна настава со групна

форма на работа, доколку учениците имаат исти потешкотии во постигањето на очекуваните резултати.

Наставникот континуирано го следи напредувањето на ученикот со цел да констатира дека ученикот ги надминал потешкотиите, ги постигнал очекуваните резултати или има потреба за продолжување на дополнителна настава и за истото го информира родителот, односно старателот. Доказите за напредокот на ученикот наставникот ги чува во портфолиото на ученикот. Прибраните докази му користат на наставникот за планирање на наставата, информирање на родителот, односно старателот и стручните соработници во училиштето. Дополнителната настава се евидентира во образец на педагошката евиденција и тоа: Педагошка евиденција за дополнителна настава.

Постигнувањата на ученикот во дополнителната настава не се оценуваат.

Распоредот за реализацијата на дополнителната настава се изработува во склоп со распоредот за редовна настава и е во интерес на учениците. Секој наставник е должен списокот на ученици кои ќе посетуваат дополнителна настава следната седмица, да го истакне најдоцна до петок од тековната работна седмица на видно место во соодветната училница каде што учи ученикот. Наставникот е должен да го извести родителот/старателот на ученикот во рок од три дена од констатирањето на потребата неговото дете да посетува дополнителна настава.

Основното училиште на месечна основа изработува распоред за дополнителна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласна табла и на веб страната на училиштето.

Дополнителната настава, покрај образовнате компонента, има и воспитна компонента бидејќи при нејзината реализација се работи и на изградување на работни навики кај ученикот, развивање на неговото чувство за лична одговорност во работата, мотивирање за работа и постигнување на успех, социјално прилагодување и сл.

За успешно организирање на дополнителната настава неопходно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и поставување на точна и навремена дијагноза за неговите развојни и особености и потреби, постигнувања, заостанувања и др. Стручната служба активно учествува во реализацијата на дополнителната настава со цел да се детектираат причините за послабиот успех кај секој ученик поединечно, од што произлегуваат и најсоодветни постапки за корекција на истиот. Во врска со тоа се воспоставува и соработка со родителите.

При изготвувањето на месечниот распоред за реализација на дополнителна настава наставниците, реализираат редовна настава, планираат и реализираат по 2 часа дополнителна настава во една седмица. Одделенските наставници ја планираат дополнителната настава месечно, со најмалку еден час седмично, зависно од тоа колку ученици и по колку наставни предмети имаат потреба дополнително да се работи.

Дополнителната настава се реализира согласно изработена програма и распоред на одделенските и предметните наставници, кој е јавен (канцеларија, училници и огласна табла). На ниво на одделение/паралелка се реализираат 36 часа. Наставните предмети по кои има потреба од дополнување на знаењата на одредени ученици во одредено одделение ги определува секој наставник, во соработка со учениците и родителите. Сите наставници реализираат дополнителна настава.

## 8.11. Додатна настава

Додатна настава во ООУ „Климент Охридски“ Миравци, се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети и покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата за одделни наставни предмети или пак одделна тема или област од даден наставен предмет. Додатната настава наставниците задолжително им ја препорачуваат на ученици кои што се пријавуваат за учество на натпревари.

Додатната настава ја реализира одделенскиот наставник, односно наставникот по конкретниот наставен предмет за кој покажал интерес ученикот. Наставникот ја планира додатната настава со еден час седмично за наставен предмет во одредено одделение во текот на целата учебна година. Наставникот е должен да му понуди на ученикот следење на додатна настава, а ученикот, во договор со родителот, односно старателот, одлучува за посетата на часовите. Оваа настава ученикот може да ја следи во текот на целата учебна година или повремено во договор со наставникот, а по одлука на ученикот и во соработка со родителот, односно старателот, може да го прекине следењето или повторно да се пријави.

Додатната настава се организира во мали групи со најмногу десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделение.

За реализација на додатната настава секој наставник треба да:

- ги идентификува учениците;
- изготви програма за додатна настава согласно интересите на ученикот;
- ја реализира програмата;
- го следи и контролира напредокот на ученикот и
- води педагошка евиднција за додатна настава.

Програмата за додатна настава, наставникот ја изготвува во соработка со ученикот и ја надополнува со предлози на ученикот. Наставникот ги планира и ги обезбедува материјално-техничките услови за реализација на часовите по додатна настава и изработува соодветни дидактички материјали.

Начинот на работа на наставникот на часот за додатна настава е со индивидуализирана работа. Работата на наставникот се усогласува со стилот на учење на ученикот односно, тој да ја насочува работата на ученикот за постигнување на планираните очекувани резултати. Наставникот исклучиво има интерактивен пристап и користи активни методи на учење, како што се: истражувачки активности, учење со откривање и решавање на проблемски ситуации, самостојно истражување од страна на ученикот и слично.

Наставникот континуирано го следи напредувањето на ученикот согласно изготвената програма со цел да го констатира развојот, да ја планира идната работа, да поставува нови предизвици за развојот на ученикот, а доказите за напредокот на ученикот ги чува во портфолиото на ученикот. Прибраните докази му користат на наставникот за планирање на идната работа, информирање на родителот/старателот

и стручната служба во училиштето. Постигањата на ученикот во додатната настава не се оценуваат.

Наставникот додатната настава ја евидентира во образец на педагошката евиденција за додатна настава.

Додатна настава се реализира согласно изработена програма и распоред на одделенските и предметните наставници, кој е јавен (канцеларија, училници и огласна табла). На ниво на одделение/паралелка се реализираат 36 часа. Наставните предмети по кои има потреба од проширување на знаењата на одредени ученици во одредено одделение ги определува секој наставник, во соработка со учениците и родителите. Сите наставници реализираат додатна настава

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Во нашето училиште повремено има ученици кои можат да работат според програма која е посложена од онаа за нивната календарска возраст. Наставниците прават програми за работа со овие деца, доказ за тоа е големиот успех на наши ученици на разни натпревари!

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Во нашето училиште има инклузирано 2 ученика со посебни образовни потреби, распоредени во различни одделенија и паралелки. За секој ученик со ПОП се изработува индивидуален образовен план (ИОП) со кој се опишува моменталното ниво на функционирање на ученикот, неговите можности и способности и прилагодувањата кои ќе се направат. Наставниците планираат среднорочни цели во ИОП-от кои во фокусот го имаат конкретниот ученик и неговите потреби од една страна и наставната програма од друга страна. Секој ИОП важи за тековната учебна година, а на крајот на секоја учебна година се врши евалуација на ИОП-от.

Идентификацијата најчесто се врши при запишување во прво одделение од страна на комисијата за запишување во прво одделение, родителите на ученикот, а понатаму од наставниците, специјален едукатор и рехабилитатор и педагог.

Во училиштето има формирано Училишен Инклузивен тим кој работи по план и програма. Истиот е во состав: Слаџана Ѓоргиева-спец.едукатор и рехабилитатор, Ивана Ристова-педагог, Каролина Димитрова -директор, Марија Ничевска-одд.наставник, Маја Танова-пред.наставник, Татјана Рујковска-родител, Митко Стојков-родител. Исто така за секој ученик со ПОП е формиран Инклузивен тим за ученикот кој е составен од специјален едукатор-рехабилитатор, родител на конкретниот ученик и одделенски или класен раководител и во фокус го има конкретниот ученик.

АКЦИСКИ ПЛАН НА УЧИЛИШЕН ИНКЛУЗИВЕН ТИМ

| **ПЛАНИРАНА ПРОГРАМСКА АКТИВНОСТ** | **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **РЕАЛИЗАТОР** | **ЦЕЛИ** | **ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ** |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување акционен план за работа на тимот за 2023/24 год. | јули-август | УИТ | Креирање на политика за работа со деца со ПОП | Успешна реализација на плнираните активности |
| Идентификување на ученици со пречки во развојот,потешкотии во учењето и други специфични потешкотии | во текот на целата учебна година | УИТ<br>Наставници,<br>Стручни соработници | Запознавање со бројот на ученици и видот на попреченост | Правилна идентификација на ученици за понатамошна поддршка |
| Формирање на ИТУ | септември-ноември | УИТ | Конституирање на инклузивни тимови за секој ученик со ПОП | Формирани тимови кои во фокус на работата ќе го имаат конкретниот ученик во |
| Упатување на ученици до регионалното тело на МКФ во Струмица | во текот на целата учебна година | УИТ | Обезбедување на наод и стручно мислење за учениците кои немаат соодветна документација | Соодветна документација за учениците со ПОП и дадени насоки за понатамошна работа |
| Соработка со основно училиште со ресурсен центар Св.Климент Охридски-Ново Село | во текот на целата учебна година | УИТ | Изработка на план за заедничка соработка помеѓу двете училишта;<br>Утврдување на потребите за дополнителен сервис и начините за поддршка кои се нудат; | Успешна соработка со училиштето со ресурсен центар |
| Изработка на ИОП за учениците со ПОП | септември-ноември | УИТ,ИТУ | Изготвување на индивидуален образовен план кој одговара на | -Правилно користење на потенцијалите на секој |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Наставници,<br><br>Стручни соработници | потребите и можностите на ученикот | ученик<br><br>-Проценка на потребите и можностите<br><br>-Постигнување на поголеми успеси во учењето |
| Разговори со учениците на одд.часови<br><br>Разговори со родителите на родителски и индивидуални средби | Во тек на годината | Стручни соработници, родители, наставници | Подобрување на социјалниот и емоционалниот статус на учениците со посебни образовни потреби | -Развивање на позитивни ставови кај учениците кон учениците со посебни образовни потреби<br><br>-Вклучување на децата со посебни образовни потреби во локалната заедница |
| Утврдување на индивидуалните постигања на учениците со ПОП | тромесечије,<br><br>полугодие,<br><br>крај на учебна год. | УИТ, ИТУ | Увидување во постигнатиот успех<br><br>Ревидирање на ИОП | -Проценка на постигањата<br>-Определување на соодветни форми/методи за работа |
| Следење на напредокот на учениците | Континуирано во текот на целата учебна година | УИТ,ИТУ, Наставници | Утврдување и увидување на постигањата и потешкотиите | Подобар увид во напредокот на ученикот |
| Пренесување на искуства и иинформации во процесот на работа со деца со ПОП (дисеминација од посетените семинари) | Во текот на целата учебна година (после секое присуство на семинари) | УИТ,<br><br>Наставници | Информирање на наставниците за посетите на семинари | Наставниците да бидат запознаени со нови методи и техники во работата со деца со ПОП |
| Соработка со:<br><br>-образовни асистенти<br><br>- родители на деца со ПОП | Во текот на цела година | УИТ,<br><br>Наставници | Изградување на систем за соработка помеѓу сите субјекти кои работат со учениците со ПОП | -Поголем напредок на учениците со ПОП<br><br>-Заеднички активности помеѓу сите субјекти |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изработка на наставни материјали и средства според потребите на децата | Во текот на цела година | УИТ,<br>наставници,<br>УЗ | Да се задоволат индивидуалните потреби на децата со ПОП | -изработка на нагледни наставни средства и материјали кои им се потребни на децата |
| Унапредување на инклузивната практика | Континуирано во текот на целата учебна година | УИТ,<br>наставници,<br>УЗ | Соодветно прилагодување и диференцирање на наставните содржини според индивидуалните потенцијали, можности и способности на учениците | Почитување и вреднување на различностите кај учениците и прилагодување според индивидуалните потенцијали |

***Делови од програмата можат да бидат пролонгирани или порано реализирани во зависност од потребите, односно доколку училишниот инклузивен тим  така одлучи, како и дополнување на тимот со нови членови во зависност од потребите**

8.14. Туторска поддршка на учениците

Во нашето училиште не се реализираат вакви програми.

8.15. План на образовниот медијатор

Во нашето училиште нема ангажирано образовен медијатор, и нема деца кои подолго време се надвор од образовниот систем.

## 9. Воннаставни активности

### 9.1. Училиштни спортски клубови

Училишниот спортски клуб е формиран 2020 година и за неговата работа е одговорен наставникот Никола Малевски и Доне Ристовски. Меѓутоа училишниот клуб не е повеќе во функција.

Имајќи го во предвид значењето на спортот, неговиот придонес за развојот на младите генерации и неговата позитивна улога во борбата против пороците, во училиштето се посветува големо внимание на училишниот спорт. Училишниот спорт

ги вклучува учениците кои покажуваат посебни афинитети за спортување, желба за учество на натпревари и постигнување на спортски резултати во функција на здравиот и правилен физички развој. Низ активностите на училишниот спорт, организираните меѓуодделенски натпревари и учествата на општинските, регионалните и државните натпреварувања, им се овозможува спортско усовршување на талентираните ученици. Под раководство на наставниците од одделенска настава и наставникот по физичко и здравствено образование, учениците се вклучени во многу спортски натпревари (ракомет, футсал, кошарка, одбојка, фудбал и др.), организирани од страна на Општинскиот сојуз за училиштен спорт и Федерацијата за училиштен спорт на Македонија. Покрај учествата, училиштето е и организатор домаќин на дел од спомнатите натпревари, а на покана на некои од училиштата, од општината и регионот, учествуваат и на спортски турнири организирани во чест на Патрониот празник и сл. Училишниот спорт помага во развој на спортскиот дух, зголемување на интересот и љубовта кон спортот и физичката култура,соработка и дружење .

### 9.2. Секции/Клубови

Секциите, клубовите се подолготрајни воннаставни активности кои се одржуваат еднаш неделно, еднаш месечно или неколку месеци во текот на учебната година.

Секциите се формираат врз основа на заедничкото поле на интерес на учениците. Тие можат да се формираат во рамките на едно одделение, како и на возрасен период (IV – VI, VII – IX).

Секциите, клубовите придонесуваат да се остварат следниве цели и задачи:

-проширување на содржините од наставните предмети низ интересни форми, поразлични од редовната настава;

- поддршка на други вонаставни интереси на учениците (литературни активности, драма, танцување, готвење, градинарство....);

-поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците (мултикултура, различности, детски права, комуникациски вештини, разрешување конфликти...);

- организираното користење на слободното време на учениците;

-спортско – рекреативни цели.

Секциите и клубовите се планираат и програмираат според организациските потреби на училиштето, како дел од вонаставните ангажирања на учениците. За непречена работа на училишните секции, одредени се одговорни наставници.

Сите наставници, на почетокот на учебната година, доставуваат годишни програми за истите со 36 часа, со термин флексибилен во зависност од потребите на учениците како и разните прослави, празници и одбележувањата на значајни датуми. Овие активности за учениците се организираат врз принцип на доброволност. Учениците, при изборот на слободните ученички активности, се определуваат врз принципот на способност, интерес.

### 9.3. Акции

| Акции | Име и презиме на одговорни наставници | Содржини | Време на реализација | Потребни средства и материјали и извори од кои ќе се добијат | Број на ученици од паралелки |
|---|---|---|---|---|---|
| Базари | сите | Новогодишен Базар<br>Осмомартовски Базар<br>Велигденски Базар | Декември<br>Март<br>Април | Соодветни материјали и средства потребни за изработка на предмети од страна на ученици,родители и наставници | Вклучени се сите ученици |
| Хепенинзи | сите | Ликовен хепенинг<br>Литературен<br>Првоаприлски | Континуирано<br>Континуирано<br>Април | Хамер,паноа,<br>штафелаи,бои<br>разни материјали и сл.во соработка со ученици, наставници,родители | Ученици кои покажуваат афинитети и кративност |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Хуманитарни настани | сите | Ден на гладта<br>Хуманитарни Базари<br>Меѓународен ден на детето и други тековни хуманитарни настани | Септември-јуни | Соодветни материјали и средства донирани од страна на ученици,наставници и родители | Вклучени се сите ученици |
| Еколошки акции | сите | Одбележување на денови за заштеда на енергија, вода, заштита на планетата Земја, климата, озонската обвивка, животната средина | Септември-јуни | Потребни материјали и средства за одбележување на акциите во соработка со ученици, наставници, родители | Вклучени се сите ученици |

Одговорни наставници од Тимот за поддршка за соодветни акции ќе бидат избрани на почетокот на учебната година на првиот Наставнички совет, како и на состанокот на Совет на родители.

## 10. Ученичко организирање и учество

Училиштето поттикнува ученичко организирање и активност со цел да се формира демократскиот дух кај учениците, чувство за соработка и одговорност,да се развијат социјални вештини и потребата за критичко размислување, како и почитување и прифаќање на различностите кај учениците од најрана возраст.

Ученичката заедница и другите ученички тела овозможуваат активно присуство на учениците во речиси сите домени на училиштето. Преку анализа и дискусија за постоечките проблеми и предизвици се работи на подобрување на истите.

### 10.1. Одделенска заедница

Ученичкото организирање започнува на ниво на Одделенска заедница. Сите одделенија од II до IX одделение претставуваат посебна одделенска заедница која фукционира со помош на своите тела, односно претседател, заменик-претседател, постојани и повремени тела. Телата на одделенската заедница се бираат најдоцна до последната седмица од првиот месец на учебната година и се одвива по следната процедура:

- На првиот одделенски час од учебната година одделенскиот раководител има обврска да ги информира учениците за процедурите на избор на претседател, заменик претседател и другите постојани и повремени тела на одделенската заедница.
- На второт одделенски час од учебната година се пријавуваат кандидатите кај одделенскиот раководител. Можат да се кандидираат и ученици кои и претходно биле претседатели на одделението.
- На третиот класен час или пак на дополнителен час (час кој што би се организирал по редовната настава) се спроведува процедурата за избор на претседател на одделенска заедница (непосредни избори). Изборот се спроведува доколку има присуство од 2/3 од вкупниот број на ученици.

За избран претседател се смета кандидатот кој има освоено најголем број гласови од вкупниот број на ученици од иста класна заедница. Доколку повеќе кандидати освојат ист, најголем број на гласови, се организира следен круг со кандидатите кои имаат освоен ист најголем број на гласови. За избран претседател во следниот круг се смета кандидатот кој има повеќе гласови. За заменик претседател се

**избира следниот кандидат со најголем број на гласови, од различен пол од претседателот, доколку постои таков кандидат. Доколку не постои, се избира наредниот кандидат со најголем број на гласови. Останатите функции во одделенската/класната заедница се утврдуваат во согласност со потребите.**

## 10.2. Ученички парламент

**По изборот на телата Одделенските заедници се создаваат услови за формирање на Ученички парламент. Парламентот го сочинуваат сите претседатели на Одделенските заедници, а во нивно отсуство замениците претседатели. Во рамките на Парламентот се бира претседател со мандат од една година, заменик претседател и секретар. Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање. Дополнително работата на Парламентот ја помага Координативното тело кое се определува на првата Конститутивна седница. Првата седница на ученичкиот парламент ќе ја отвори директорот, кој ќе дискутира со членовите на Парламентот за нивните надлежности, права и обврски.**

**Ученичкиот парламент во ООУ „Климент Охридски“ Миравци:**

- **ги донесува Правилникот за работа на одделенските/класни заедници и ученичкиот парламент, годишната програма за работа и други акти изработени од Координативното тело на ученичкиот парламент;**
- **активно учествува во процесот на планирање на развојот на училиштето;**
- **соработува со институциите и другите организации кои работат со младите.**
- **активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците,**
- **го промовира ученичкиот активизам,**
- **учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби,**

- учествува во реализација на наставата и воннаставните активности,
- учествува во подготовката на годишната програма за работа,
- дава предлог активности за годишните програми за екскурзии,
- дава предлози за воннаставни активности на училиштето,
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
- учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
- преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и
- организира и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.

Работата на ученичкиот парламент финансиски е поддржана од училиштето, а дополнително може да се обезбеди поддршка од општината, од организирање акции или на други начини предвидени со законот.

## 10.3. Ученик - правобранител

Воспоставувањето на функцијата ученик - правобранител е уште уште една форма на ученичко учество. Со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање се избира ученички правобранител, кој се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученикот - правобранител се бира на секои две години, учествува во работата на Парламентот и неговите примарни задачи се :

- промоција на детските права преку дебати,едукативни работилници и слично
- го препознава прекршувањето на детските права во рамките на училиштето и собира поплаки во писмена форма од учениците
- доставува поплаките до стручната служба на натамошно решавање и поднесување претставки до Народниот правобранител

Со цел да се создадат услови за остварување на одредени воспитно-образовни цели и задачи кои не можат да се остварат во училиштето, се организираат  разни гостувања (збратимени градови и училишта, МИМО партнер училишта, разни фестивали и други културни активности). При тоа учениците од нашето училиште со пригодни содржини го промовираат училиштето во други училишта и средини, или обратно. На тој начин се развива духот на припадност кон една средина, националност, култура и почитување на истото кај другите. Се поттикнува и заедништвото, толеранцијата, истрајноста, емпатијата, солидарноста и др.

Многу важно е, и добро е што  повторно е актуелно, организирањето на разни ученички кампови, школи. Тие се важен сегмент во поттикнување на чувствата на: самостојност, одговорност, дисциплина и ред, почитување на правила – кои се значајна основа за формирање на личноста на учениците во процесот на растење.

Посебен сегмент во овие посебни видови вонаставни активности е ученичкото организирање. Тоа служи за да им се овозможи активно учество на учениците во застапувањето и промовирањето на нивните права и интереси преку нивно демократско учество во донесувањето на одлуки во училиштето во однос на прашања што се од нивен непосреден интерес.

Ученичкото организирање е поврзано со:

- Наставата;
- Вонаставните активности;
- Односите меѓу учениците;
- Односите со возрасните;
- Физичките услови во училиштето и др.

За да се оствари ова право, учениците се организирани во разни тела на ниво на паралелка и на ниво на училиште - Ученичка заедница, Ученички парламент и одделенски заедници на паралелките .  Во нашето училиште има 6 заедници на паралелките од 4-то до 9-то одделение. На ниво на училиште имаме формиран Ученички парламент со свој демократски  избран претседател. Покрај остварување на различни активности кои си ги планираат со програма, претставници од ученичките тела имаат право да учествуваат во работата на Советот на родители и Наставнички совет.

Преку ученичките тела може да се иницираат различни акции за воведување промени во паралелката или училиштето. Согласно обемот на иницијативата, се вклучуваат и одговорни наставници, стручна служба, директор, родител  итн.

Имаме воспоставено и ученички правобранител, кој се избира со тајно гласање од страна на учениците од 6-то до 9-то одделение. Негова задача е заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето преку  организирање работилници, дебати, инфо – денови и др.

| ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ 2023/2024 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани активности** | **Цели** | **Реализатор** | **Ресурси** | **Време** | **Очекувани резултати** |
| Конститутивна седница на Парламентот | Формирање на Парламентот | Директор, одговорни наставници Претседатели на ОЗ | Годишна програма записници | Септември | Градење организациски и комуникациски способности |
| Запознавање со програмата на ученичката заедница | Чувство на одговорност, објективност, соработка, колективност | УП и одговорни наставници | Записници | Октомври | Градење организациски и комуникациски способности |
15.3. Промоција на добрата состојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

За добросостојбата на учениците и за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање, се реализираат соодветни содржини на часовите по сите наставни предмети, на часот на одделенскиот раководител, на родителски средби и др.

На ниво на училиште се реализираат различни работилници со повод како што е: детски права, правата на жената, едукативни активности со и за децата со посебни образовни потреби, организација на хуманитарни базари и акции, дружење со деца од друга етничка група, значењето на емоционалната интелигенција, демонстрација на работните задачи и обврските во избраната професија. Ќе се креира и промовира Постапка за пријавување и заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација).

Едукативни работилници ќе се реализираат во договор со родители, ученици и наставници, ќе се вклучат експерти за определените области на дејствување.

Планирани се активности во училиштето, како и надвор од училиштето, како заеднички посети на социјални и згрижувачки установи и ресурсни центри итн.

## 16. Оценување

Целта на оценувањето и вреднувањето на воспитно образовната работа на училиштето е да се обезбеди стручен приод во проценување на квалитетот на работата во училиштето, на резултатите што се постигнуваат и врз основа на тоа да се осмислат целите и активностите за нивно перманентно подобрување заради подобрување на постигањата на учениците.

Задачите кои ја овозможуваат реализацијата на основната цел на ова подрачје во нашето училиште се:

- воспоставување на систем за постојано следење и прибирање на податоци за квалитетот на воспитно образовната работа;
- анимирање на сите субјекти од училиштето во процесот на перманентно следење на оценувањето во училиштето;
- непосредно следење и анализирање на состојбата и воведување новини во наставата (особено ИКТ, нови форми и методи на работа) во функција на нејзино постепено унапредување;
- придонес кон усовршување на критичкото мислење на наставниот кадар и учениците заради објективно согледување на постигањата, пропустите и недостатоците во работењето;
- поттикнување на постојан интерес кај раководниот и наставниот кадар за брзо внесување иновации во оценувањето и работењетоа сите заинтересирани субјекти;
- зајакнување на афирмацијата на училиштето во локалната средина.

Програмските содржини со кои ќе се реализираат поставените задачи од ова подрачје се следните: следење на планирањата на наставниците, следење на нивото на примена на иновациите во однос на оценувањето, развивање на способноста за самооценување кај учениците, примена на разновидни инструменти на оценување на учениците, примена на оценувањето на квалитетот на дополнителната, додатната, изборната настава, следење на резултатите од ученичките натпревари, прибирање на информации за постигањата на учениците после завршувањето на основното образование..

Што се однесува на оценувањето на постигањата на учениците од страна на наставниците, истото се спроведува формативно и сумативно, со помош на разни видови на оценување со објективни тестови и применувајќи најразлични инструменти (анегдотски белешки, аналитички листи, чек листи) за бележење на забелешките од следењето на постигањата на учениците.

Календарот на оценување е составен дел на одделенските дневници. Истиот ги вклучува сите писмени оценувања во текот на учебната година по наставни предмети.

Тимот за следење, анализа и поддршка го сочинуваат директорот, педагогот, еден одделенски наставник и еден предметен наставник. Повремено, во зависност која е целта на оценувањето, се вклучуваат и другите наставници. Следењето редовно се најавува (глобално) , а може да се случи и индивидуално и ненајавено следење согласно потребите на одредени активности. Исто така, редовно се води протокол со впечатоци од секое следење, а на одредени периоди се прави и извештај со заклучоци од извршените следења.

Самоевалуацијата на работењето на училиштето ја спроведуваме на крајот на секоја втора учебна година. Последната самоевалуација е изработена кон крајот на оваа учебна година и важи за учебните 2021/22 и 2022/23 година. Во истата учествуваат поголем дел од наставниците, распоредени по групи за седумте подрачја кои се предмет на анализа и оценување.

Од анализата на резултати од Самоевалуацијата произлегуваат следниве предлог-мерки за надминување на некои слаби страни на училиштето, во насока на поголем напредок и развој на училиштето, осовременување на воспитно-образовниот процес и подигнување на стандардите за учење. Тие ќе бидат планирани со Развојниот план за следните 4 години и Годишната програма на училиштето. Тоа се:

1. Поголема вклученост и активност на родителите во воспитно-образовниот процес на учениците;
2. Изготвување план и стратегија од страна на наставниците за полесно совладување на НПП по новата концепција;
3. Обучување на наставниците за успешно користење на интерактивните таблите и друга нова ИКТ опрема;
4. Ставање во функција на Училишниот спортски клуб спрема потребите на учениците;
5. Подобрување и почитување на Кодексот на однесување (решавање на проблемот со користење на мобилни телефони) од страна на учениците во училиштето;
6. Да се изготви процедура за следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус преку дијагностичко оценување;
7. Да се изгради систем за идентификување и работа со талентирани и надарени ученици, како и за работа со ученици со посебни образовни потреби;
8. Обуки за наставниците и стручните соработници за препознавање рана стимулација и работа со надарени и талентирани деца;
9. Изнаоѓање просторно решение за реализирање на кабинетска настава;
10. Организирање семинари и обука за наставниците за подобрување на личниот професионален развој;

11. Поставување на разладни уреди во сите училници за овозможување нормално одвивање на наставата во летниот период;
12. Подобрување на условите за реализација на настава во ЦОУ и ПУ:
    -Обелување на училниците во ПУ;

    -Изработка на плакари во остави и кабинети во ЦОУ;

    -Промена на лимарија на дел од кров на спортската сала (машка и женска соблекувална);

    -Промена на азбестен кров во ПУ Милетково и реконструкција на дел од таванот;

    -Нова фасада во ПУ Смоквица;
13. Обезбедување обуки на наставниот кадар согласно изразените потреби (пр.за да се овозможи изучување на слободен изборен предмет - шах);
14. Доуредување на внатрешноста на училишната зграда со поставување клупи и уредување на катчиња за седење низ училишните ходници како и збогатување на просторот со разни тематски мурали;
15. Потреба од изградба на потпорен ѕид во ЦОУ во западно крило помеѓу училишната зграда и паркинг просторот;
16. Вклучување на родителите преку Совет на родители во детектирање на подрачјата на промени и приоритетите со развојното планирање на училиштето;
17. Поттикнување на Училишниот одбор, за предлагање иницијативи и носење одлуки за подобрување на условите во училиштето и организацијата на наставата и воннаставните активности;
18. Осветлување на училишниот двор.

## 17. Безбедност во училиштето

Безбедноста на учениците е една од најважните задачи на училиштето и истата се овозможува преку план за евакуација во случаи на елементарни непогоди, обезбедување на непречено движење во училишниот внатрешен простор и во училишниот двор.

Училиштето има изработено План за заштита и спасување кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди. Во училишната зграда е истакнат план за евакуација со обележан правец на движење во случај на елементарни непогоди. Во соработка со Центар за управување со кризи досега беа спроведени две пробни вежби со сите ученици и вработени во училиштето за евакуација на случај на пожар или земјотрес.

Според Правилникот за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции, во реализација на наставата по наставните предмети Природни науки, Општество, Географија, Биологија, Хемија, Техничко образование и Физичко и здравствено образование, ќе бидат интегрирани теми за обучување за самозаштита во услови на земјотрес, пожари и експлозивни опасни материи, епидемии и заразни болести кај животните и луѓето, снежни намети и лавини, луњи, поплави и поројни дождови, лизгање на земјиштето, атмосферски непогоди, сообраќајни несреќи, несреќи во рудници и др.

Секоја тема ќе се обработува преку изучување на: општи поими, причини за појава, основни карактеристики, последици од нивно настанување, мерки за заштита и спасување (превентивни и оперативни мерки(пред и после), средства и опрема која се користи, вежбање

на постапки на превентивни и оперативни мерки за лична и колективна заштита при појава на опасностите.

Редовно се одвиваат дежурства на наставниците, според однапред направен распоред, а најголема обврска околу безбедноста има лицето за обезбедување кое е вработено преку агенцијата за обезбедување.

**18. Грижа за здравјето**

Покрај безбедноста, грижата за здравјето на учениците во училиштето е исто така висок приоритет. Се презема се' што е потребно за нашите ученици да останат здрави, а евентуалните проблеми ги решаваме брзо и ефикасно.

Во текот на годината во училиштето се врши дератизација, дезинфекција и дезинсекција на училишните простории. Сите тоалети и санитарии редовно се дезинфицираат со дезинфекциони средства. Кујната исто така редовно се дезинфицира.

-Во однос на хигиената во училиштето, нашето училиште е најбезбедно, најчисто. Двапати дневно целото училиште се џогира со средства за чистење, еднаш неделно се дезинфицира со специјално средство. Секојдневно се проветруваат просториите каде престојуваат ученици. Канти за отпад има на повеќе места низ училиштето. Чешми има и во и надвор од училиштето. Учениците од одделенска, а и некои од предметна настава имаат свои лични течни сапуни, покрај училишните. Учениците редовно се проверуваат за вошливост и доколку има потреба, се известуваат родителите за преземање чекори за отстранување на истите. Од крајот на минатата учебна година сите ученици имаат свои посебни шкафчиња.

Училишниот простор и училишниот двор се одржува тековно чист, хортикултурно среден со поставени корпи за отпад. Дежурните наставници за време на одморите, а и сите други за време на часовите се грижат и интервенираат во однос на хигиената во училиштето и училишниот двор. Со цел за чиста и здрава работна средина, училиштето спроведува интерни работни акции за средување на работниот простор и училишниот двор. Во повеќето училници се поставени и означени посебни корпи за пластика и хартија и со тоа се врши селекција за рециклирање на отпадот.

-Систематските прегледи на учениците се реализираат редовно и согласно планот на службата од училишниот диспанзер. Систематските прегледи се вршат во амбулантата во Гевгелија и за нив редовно се води евиденција во здравствените легитимации. При појава на евентуални укажувања од лекарот кој ги води истите, се известуваат родителите. Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: I, III,V ,VII и IX одделение. Задолжителни стоматолошки прегледи и залевање на трајните заби се вршат за учениците од I,II,IV,V и VI одделение.

-Вакцинирањето на учениците е исто така редовно, навремено согласно законските одредби и планот на службата за имунизација. До сега сме немале никакви проблеми од вакцинирање, а доколку некои ученици се плаши од вакцинирање, редовно ги покануваме и родителите на децата.

-Едукација за здрава храна од секогаш имало и ќе има во училиштето и тоа во сите одделенија, по сите наставни предмети, а посебно на наставните содржини од ОЖВ. Повремено реализираме и работилници за здрава храна, правилна исхрана и предавање за правилна контрола на внес на шеќери на кои редовно учествуваат и родителите од I одд. до V одд.

## Програма за грижа за здравјето на учениците

| Содржина | Соработници | Време на реализација | Форми и методи на работа | Место на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на еко нагледни средства | Ученици наставници родители | есен | Практична работа во група | Училишен хол | Збогатување на нагледни. и практичните способности на учениците |
| Еко дефиле | Ученици наставници | Март април | Работа во група демонстрација | Населено место | Подигнув. на свеста за здрав живот |
| Изложба на разни видови материјали | Учен. IX одд. Наставник по биолог. | пролет | Работа во група раб.со податоци демонстрација | Училишен хол | Подигнув. на свеста за здрав живот |
| Игри без граници, квиз | Учен.од I-IX наст.по ФЗО и одд.раковод. | 8 Декември 21 Март 10 Јуни | Метод на натпревар. раб. во група | Спортски терени | Подигнув.на ниво на физички и интелектуални способности |
| Еднодневна екскурзија и излети | I-IX одд. наставници | 21 Март октомври април | набљудувања | Р.С. Македонија Миравци | Поттик за практикување игри на отворено |
| Трибини на тема пушење , алкохол, дрога, сида | Матичен лекар | По план | Презентации разговори | Училиште | Поттик на здрави навики |
| Вежби за толеранција | Ученици наставници педагог | По план | Работа во група Учење по пат на игра | Училиште | Подобрување на разбирањето на другите |

**19. Училишна клима**

Климата за престој и работа во училиштето ја прават сите вработени, ученици, родители. Во нашето училиште односот помеѓу наставниците, како и односот меѓу учениците и наставниците се базира, традиционално на взаемно почитување (со ретки исклучоци). Секојдневната соработка меѓу наставниците бара меѓусебно разбирање, почитување, договарање, поддршка.

Односите меѓу учениците од ист или со различен пол се базира на взаемно почитување . Добрата соработка меѓу учениците од ист и различен пол ја прави позитивна климата за работа на часовите и во училиштето. Заедничката работа на многу проекти ги зближува учениците од ист и од различен пол. Заеничката работа при подготовка и учество на приредби, реализација на интерни проекти и, работа во различни тимови, учество на натпревари во знаење, квизови, учество во спортски натпревари само ги зацврстуваат односите меѓу учениците од ист и различен пол.

Во врска со поведението и дисциплината во нашето училиште има вообичаени проблеми. Тоа се забележува од секојдневните набљудувања на однесувањето на учениците на одморите, од разговори со ученици кои имаат проблем со дисциплината и од разговори со нивните другарчиња. Забележливо е се послободното однесување на час, значителна раздвиженост и врева на одморите (свирење, викање, трчање по скали, меѓусебно задевање, невнимателно движење и др.). Преку разговори и соработка со роднини, стручни лица и служби, се прават постојани напори да им се помогне на овие деца. За разрешување и надминување на проблемите со поведението, училиштето презема низа активности и мерки и тоа: индивидуални средби на одделенскиот раководител и педагогот со ученикот и родителот; советувања со родителите, добивање посебни задачи за работа на час; разговори со одделенската заедница; усмен или писмен укор од одделенскиот раководител, наставникот; намалување на поведение и друго. За поквалитетно, побрзо решавање на проблемите во врска со проблемите на учениците, се чувствува потреба од проширување на работните задачи на дефектологот (5 работни денови), логопед, како и законска поддршка за санкционирање на родители кои ги запоставуваат и малтретираат децата. Заложбите на МОН за ангажирање на образовни асистенти се покажа како добра пракса која е од големо значење за децата со ПОП и нивните родители.

Нашето училиште има одлични услови за работа. Располага со 11 стандардни наставни простории, а наставата пред периодот на корона вирусот се изведува кабинетски. За време на короната следеа препорачани мерки од Министерството за здравство и кабинетската настава беше прекината, меѓутоа во план е со почетокот на учебната 2023/24 година да се стартува повторно со кабинетска настава. Сите простории се користат максимално од страна на сите ученици.

Заедничките простории: трпезарија, аула, ходници, канцеларии се користат од страна на сите ученици и вработени.

Санитарни јазли има на секој кат за учениците, како и во склоп на училишната кујна и административниот дел за вработените. Истите се во одлична состојба.

Во нашето училиште (централно) прозорците и вратите се ПВЦ. Во сите кабинети се монтирани ваpолајт завеси, а постепено се надградува и парното во простории кои преку зимата секогаш бараат повеќе топлина (страничните простории). Постојано се врши естетско уредување на просторот во училиштето, како и уредување и оградување на училишниот двор.

Основното училиште има и нова фасада, а извршена е и реконструкција на поткровна конструкција.

Наставата по ФЗО се реализира комплетно по сите училишни стандарди во просториите на новата училишна сала.

Во подрачните училишта училничкиот простор е адекватен, се користи максимално од сите ученици. Заеднички простории има во сите подрачни училишта (училници прилагодени во сали за ФЗО, за играње на одмор кога е ладно или жешко, простор за исхрана).

Санитарните јазли секаде се нови, соодветни и ги задоволуваат санитарно хигиенските прописи.

Во последните години постојано се внесуваат промени во секој домен од работењето на училиштето. Последниве неколку години се трудиме истото да го направиме и на полето на промовирањето и инсистирање на почитување на различни кодекси: за начинот на оценување на учениците, за однесувањето на учениците во училниците и ходниците, за однесувањето на родителите кон обврските поврзани со училиштето, за однесувањето на наставниците воопшто и во рамките на училиштето, за користење соодветна облека на учениците и наставниците, имаме изработено и еколошки кодекси.

Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки , пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето.

Мултикултуризам

Мултикултуризмот како потреба на современото живеење , се повеќе е присутен и во нашата заедница. Со оглед на тоа дека етничкиот состав на населението во нашиот реон е етнички со 100% Македонци, до пред извесно време, контактите на нашите ученици со ученици кои се припадници на друга етничка заедница беа само преку учеството во играорното друштво од Миравци, а секако и преку изучување на разни содржини во наставата или преку екскурзии и сл. Со учениците од Калково и Јосифово – каде има ученици од турска националност реализираме заеднички активности во рамките на патронен празник, детска недела, заеднички излет до блиска знаменитост. Пред 2 години ги воспоставивме првите контакти и со основно училиште од Чегране, но со прогласувањето на пандемијата се одложи договорот за реализација на заеднички активности за некое идно време. Сите активности во целост се предвидуваат и во програмата „Мултиетничко интегрирање во образованието“ . Продолжуваме и понатаму со вакви слични активности со двете училишта.

Според бројот на учениците, наставниците и останатите вработени, нашето училиште е мало, што го сметаме за предност во однос на воспоставување на блиски и солидни односи. Меѓу учениците, родителите и наставниците има коректни односи: потребно почитување, соработка при надминување на евентуални проблеми и потешкотии, заедничко учество во училишни активности и тела. Се разбира секогаш може и подобро, па затоа сметаме дека за да може родителот да биде поприсутен во училиштето, на ниво на држава да се донесат соодветни закони или други законски акти како родителите би имале оправдување за отсуство од работа.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Потребите на наставниците за професионален развој ќе се утврдуваат на првите состаноци на стручните активи во месец септември.

Во функција на професионалниот развој на наставниците ќе се организираат и отворени часови, работилници и размена на искуства во рамките на активите.

(Се утврдуваат и наведуваат потребите и приоритетите за професионален развој на воспитно-образовниот кадар, што произлегуваат од детектираните состојби, резултатите од самоевалуацијата, интегралните евалуации, како и од следењето и вреднувањето на работата на наставниците и стручните соработници од надлежна институција).

### 20.2. Активности за професионален развој

(Конкретно се планира и наведува организирање на обуки, семинари, работилници од кои имаат потреба наставниците и стручните соработници, се изготвуваат акциони планови за истите, се врши дисеминација од проектите, се подготвуваат извештаи, се прави евалуација и од неа произлегуваат наредените приоритети за професионален развој).

Во текот на учебната година сите понудени обуки ќе бидат доставени до наставниците за кои се наменети или стручните соработници, истите ќе бидат разгледани и зависно од

можностите ќе бидат посетени. После учеството на обуки, учесниците ќе одржат дисиминација во училиштето по претходно изготвена програма и акционен план, а за истата активност ќе бидат изготвени и извештаи. Во функција на професионалниот развој на наставниците ќе се организираат семинари, вебинари, дисиминација, работилници и размена на искуства во рамките на активите. За својот професионален развој наставниците ќе водат професионално досие и професионално портфолио, а на крајот на учебната година ќе изработат извештај за реализацијата.

20.3. Личен професионален развој

(За сопствено лично усовршување наставникот и стручниот соработник прават личен план за професионален развој во однос на зајакнување на своите професионални компетенции, а врз основа на резултатите од интегралната евалуација, извештаите од посетите од страна на директорот на основното училиште, како и од страна на советниците од Бирото за развој на образованието).

На наставниците, стручните соработници и останати вработени, ќе им биде овозможено професионално да се усовршуваат според своите интерес и определба, а своите знаења секако ќе ги применат во работата на училиштето. Личниот професионален развој наставниците можат да го стекнат во училиштето преку работата на стручните активи, работилници и отворени часови, но и надвор од училиштето, организирано и во сопствена режија. За сопственото стручно усовршување наставниците прават личен план за професионален развој за секоја учебна година врз основа на самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и по претходно направена самопроценка и со поддршка на стручните соработници.

20.4. Хоризонтално учење

(Се планираат различни активности за продлабочување на стручни знаења и зајакнување на професионални вештини или размена на професионални искуства, преку професионалните активи, заедници за учење. Училиштето изготвува акциски план со планирани активности, носители на тие активности, време на реализација, очекувани исходи, начин на следење и критериуми за успех).

Сите наставници или училишни координатори на проекти по посета на која било обука, ќе одржат дисиминација во училиштето. Сознанијата ќе се споделуваат и на стручните активи и отворените часови. За таа цел ќе бидат изработени акциски планови од страна на сите оние кои ќе ги презентираат содржините пред останатите наставници.

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Врз основа на личните планови за професионален кариерен развој на наставниците, се изработи програма за професионален развој на ниво на училиште. Истата е во програмските прилози.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Без цврсто поврзани алки во дидактичкиот триаголник нема ефективно училиште! Ова значи дека на училиштето му се неопходни родители кои се во тек со работата на училиштето, кои придонесуваат во подобрување на истата, кои се партнери на воспитно-образовниот кадар во воспитанието и образованието на нашите ученици и нивни деца! Во нашето училиште родителите се доста присутни, но најчесто на барање од училиштето. Ова се однесува за: родителски средби, советување на родители, приемни денови, разрешување на актуелни проблеми.

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Во учебната година училиштето треба да ги информира родителите на учениците за работата на училиштето и успехот на учениците. Преку индивидуалните и групни родителски средби, седниците на Совет на родители, информативните билтени, родителите редовно се информираат за работењето на училиштето.

На почетокот на учебната година откако ќе биде изготвен распоредот на часови, ќе се направи табела за прием на родители за секој наставник одделно, кој ден ќе има приемен ден и во колку часот. Табелата ќе биде истакната на јавно место и секој наставник ќе го истакне својот распоред за прием на родители на вратата од својата училница.

Програмата за работа на Совет на родители дополнително ќе биде истакната во август откако ќе се конституира Советот на родители за оваа учебна година. Состаноците на Советот на родители се одржуваат со цел – осовременување на условите за работа и унапредување на реализација на наставата и вонnаставните активности во училиштето. Советот на родители треба да одржи средби на кои родителите ќе бидат информирани за актуелните состојби во нашето училиште. Родителите активно учествуваат во избор на компанија за осигурување, фирма за фотографирање, организирана исхрана за ученици доколку има кворум, организирање екскурзии за учениците, употреба на мобилни телефони на часовите. Во Совет на родители се вклучени по тројца родители како претставници од секое одделение. Советот на родители се ангажира за подобрување на успехот и поведението на учениците, односот на ученикот со наставникот и соучениците, намалување на изостаноците, осовременување на наставата и нејзино прилагодување на потребите на учениците.

Родителите ќе бидат вклучени во работилници, трибини и предавања согласно Развојната програма на училиштето.

Програма за соработка на училиштето со семејството на учениците

| Содржини | Соработници | Време на реализација | Форми и методи на работа | Место на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Вклучување на родителите при | Родители одд.наставн. | според програма | Разговори интервју | училница | Развивање на свеста за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| третирање на еколошки проблеми и теми од граѓ. концепт и детските права | предм.наст. педаг,директор | за работа | набљудувањ а | | практична Применливост на знаењата на учениците |
| Помош во подобрување на услови за раб. во учил. (сталажи, постер рамки..) | родители одд.раковод. ученици | Во тек на учебна година | Практична ра-бота, совети, набавка на материјали | Училишни простории | Развивање на свеста за заедничко уредување и одржување на учил.двор |
| Родителите придонесуваат против појавата на нездрави навики кај младите (пушење, алкохол,дрога,промискуитет, ноќен живот), проблемите на учениците, нетолеранција | Одд.раковод. Родители, медиц.лица невладини организации | Во текот на учебната година | Трибини литер.читања учество во ТВ информативни емисии разговори родит.средби | Училиште РТГ | Формирање здрави навики за живеење Приближување кон училиштето |
| Контрола на условите и услугите на училиш.кујна Запознавање на родителите со програм.за работа на учил и извештаите за работа | Родител Наставници по биологија и одд.наставн. | 2 – 3 пати во годината | Увиди работа во комисии | Училиште | Подобрување на условите и услугите во училишната кујна Навики за консумирање здрава храна |
| Учество на род. во организ. и реализација на училишни активности, свечености, екскурзии | Родители ученици одгов.настав. | Септ.октомври патронат март, април | Разговори, дирекно учество | Училиште Музеј арх. локалитет | Зближување помеѓу родители, ученици, училиште, запознавање со убавините на средината |
| Унапредување на соработката со родители преку посета на часови | Родители Наставници | Цела учебна година | Набљудување Разговор Евалуација | Училиште | Добивање на појасна слика за процесот на учење и поучување |

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Во процесот на учењето и воннаставните активности континуирано се вклучуваат и родителите со давање поддршка на наставниците за работа со ученици со попреченост, изработка на ИОП (ПОП и талентирани и надарени ученици) во соработка со Инклузивниот тим на училиштето.

Исто така родителите се вклучени и во делот за професионална ориентација на учениците преку организирани посети на средни училишта, отворени денови, проекти, како и прибирање на разновиден дидактички материјал, наставни средства и помагала.

Согласно содржините од Наставниот план и програма, родителите може да земат активно учество при реализација на одредени содржини. Родителите ќе бидат вклучени и во

организирање посети на соодветни институции, како и вклученост во реализација на проекти. Учениците од одделенска настава заедно со родителите се вклучени во проект Ерасмус +, School Permaculture Garden.

Училиштето изработува план за вклученоста на родителите во секаков вид планирања, давање поддршка на наставниците за работата со ученици со попреченост, надарените и талентираните ученици, за професионалната ориентација на учениците, во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали, како и учество во реализација на часовите.

21.3. Едукација на родителите/старателите

Во согласност со Развојната програма на училиштето, се планирани организирани средби, предавања, трибини и работилници за актуелни теми наменети од родителите за родителите.

Ќе се изработат различни начини за информирање на родителите за нивна поголема вклученост во оваа активност, како брошури, флаери, плакати исл. Планот и носителите на активностите дополнително ќе бидат истакнати по формирање на Советот на родители во месец август, 2023.

(Се наведува планот за едукативни работилници и обуки за родителите/старателите, програмата за конкретните облици на соработка со родителите, со одговорни наставници и планираното време за нивна реализација. Се презентира и планот за начините на информирање на родителите/старателите (флаери, плакети, брошури и сл), со носители на активностите и потребните финансиски средства).

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Комуникацијата на училиштето со локалната заедница е секојдневна, квалитетна и неопходна. Локалната самоуправа има коректен однос кон нашите потреби и истата ја известуваме за секој сегмент од нашето работење. Исто така сме задоволни и од месното население кое секогаш има чувство за нашите потреби. Бизнис заедницата во нашата средина е неразвиена и затоа сме претежно ориентирани кон локалната самоуправа, МОН и други државни институции.

Институциите од областа на културата во нашата општина се: театар, пионерски дом, музеј, библиотека, културно-уметнички друштва и др . Со нив имаме плодна соработка по различни поводи (претстави, одбележувања на јубилеи, детски фестивали, натпревари, посети и др.).

Квалитетни и секојдневни ни се контактите со образовните институции, не само од општината туку и пошироко. Соработката е на планот на размена на професионални искуства меѓу наставници и друг стручен кадар, на административни лица и директори со основни, средни училишта, работнички универзитети, музички училишта и др.

Со невладините организации редовно соработуваме, било по наше барање, било по нивна иницијатива (еко активности, ЕУ караван, Аполонија фондација – за деца со посебни потреби и др.).

Спортот во Миравци е високо котиран. Нашиот училишен спортски тим остварува соработка со многу други училишни тимови од државата и надвор од неа. Познати се спортските успеси на нашите фудбалери, кошаркари, ракометари и др. Формиравме училишни

спортски клубови и здруженија кои го поддржуваат спортот и физичката рекреација и се очекува само комплетирање на раководната структура.

Здравствените организации редовно и навремено си ги реализираат своите работни задачи кои се поврзани со нашите ученици. Тоа се: Диспанзерот за имунизација и систематски прегледи на учениците, санитарната служба, диспанзерот за училишна дентолошка контрола на учениците и др.

За нашата работа и постигања, населението има можност да се запознае преку училишниот ФБ профил и ВЕБ страна на ОУ, општинската медиумска служба, детските списанија, на општински манифестации, информатори, а формиравме и новинарски клуб и клуб на читатели и др.

Програма за соработка на училиштето со други воспитно - образовни и културни институции, органи и организации

| Содржини | Соработници реализатори | Време на реализација | Форма и метод на работа | Место на реализација | Очекувани Ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Организација и реализација на прослави по различни поводи | Сојуз на пензионери<br>Совет на општ<br>наставници<br>ученици<br>КУД Миравци | 11. Октомври<br>8 Декември<br>Нова Година<br>21.Март<br>1. Април | Литер.читања<br>свечени прогр.<br>спорт.натпрев.<br>еколош. акции<br>маскирани дефилеа<br>хепенинг | Училиште<br>спорт. терени<br>уч.двор<br>центар на село<br>учил. хол | Ученици. да се запознаат и активно вклучат во јавни и културни активности<br>Презентир. на ВОР на училиштето |
| Организација на активности по повод поч. на учебна год, другарска вечер | Наставници<br>ученици<br>родители<br>угостители<br>трговци | 1.Септември<br>10.Јуни | Свечена програма<br>натпреварувачки игри | Училиште<br>угост.објекти | Учениците да го прифатат училиштето како пријатна средина за учење и дружење |
| Учество во разни активности на културната средина. | ОУ од регион<br>градска библ.<br>Гимназија<br>пионерски дом<br>детска градин.<br>локални ТВ<br>музеј | По програма | Заеднички културни активности<br>конкурси,читања, трибини<br>посета на претстави<br>интервјуа | Други ОУ<br>градска библ.<br>Пионерски дом<br>Детска градинка<br>ТВ куќи<br>музеи, локалитети | Развивање на заедништво, збогатув. на културни искуства, подигнување на ниво на читачка култура<br>запознав. Со културните институции подигање на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | нивото на култура Информирање на јавноста.за ВОР на учил. |

Програма за вклучување на училиштето во разновидни активности организирани од локалната средина

| Реден број | Организатор | Содржина на активностите | Динамика |
|---|---|---|---|
| 1 | Сојуз на борците | Рецитал и музички точки | 11. Октомври |
| 2 | Месни локали | Другарска вечер | јуни |
| 3 | Пионерски дом | Приредби, натпревари, детски фестивали | Декември, март, април, мај |
| 4 | Градска библиотека | Конкурси, натпревар | ноември, април |
| 5 | Невладини организации | По програма | По програма |
| 6 | Општина Гевгелија | Разновидни активности од значење за општината и училиштето | Во текот на целата учебна година |
| 7 | Локална средина | Традиционална манифестација "Ѓура Мара" | Април |

**23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште**

**Инплементацијата на Годишната програма подразбира:**

- **квантитативното остварување на предвидениот план на поедина активност од Годишната програма**
- **постигнување на одреден квалитет на резултати од реализацијата на тој план. (вреднување на постигнатото).**

**При следење и евалуација на реализиацијата на Годишната програма за работа на училиштето се тргнува од планот за развој на училиштето, насоките за самоевалуација на работата на училиштето и од законските и подзаконските акти врз кои се заснова истата.**

**Следењето на инплементацијата на годишната програма има за цел навремено да ги согледа нивото и квалитетот на реализација на сите планирани активности во неа. Со критички осврт на остварeноста на планираното ќе се согледуваат потребите од евентуални корекции и ќе се вршат истите. Најважно при тоа е да се обезбедат оптимални услови за реализација на планираните активности на училиштето со овој документ. Процесот на следење започнува од моментот на усвојувањето на Годишната програма за работа од страна на Советот на општината и тече континуирано до крајот на учебната година. Субјектите кои ја**

**следат инплементацијата на Годишната програма се: директорот, стручната служба, наставничкиот совет, училишниот одбор, советот на родители, ДПИ, МОН и БРО. Сите носители на активностите се исто така вклучени во процесот на следење на инплементацијата на Годишната програма за работа на училиштето, вршејќи контрола над сопствената работа.**

| **Приоритетни подрачја за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно/ни лице/а** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| Настава | Следење на квалитетот на реализација на скратените часови во училница и он лајн настава | Директор<br>Педагог<br>Дефектолог | Општина<br>Државен просветен инспектор<br>Наставнички совет |
| Превенција од насилство во училиштата | Презентација на протоколи и развивање на вештини кај ученици и родители | Директор<br>Педагог<br>Дефектолог<br>Родител<br>Ученички правобранител | Училишен одбор<br>Наставнички совет<br>Совет на родители<br>Ученички парламент |
| Грижа за здравјето на учениците | Презентација на протоколи и развивање на вештини кај ученици и родители | Директор<br>Педагог<br>Дефектолог<br>Родител<br>Ученички правобранител | Училишен одбор<br>Наставнички совет<br>Совет на родители<br>Ученички парламент |
| Соработката со родителите | Развивање на вештини за помош во реализација на он лајн настава | Презентација на протоколи и развивање на вештини кај ученици и родители | Директор<br>Педагог<br>Дефектолог<br>Родител<br>Ученички правобранител |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

При процесот на евалуација се зема предвид искуството на сите што биле вклучени во имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште. За евалуацијата, како извори на информации служат тримесечните, полугодишните и годишните извештаи на одделенските раководители, извештаи од следењето на часови и други наставни и воннаставни активности и др, записници од стручни и други тела. Во овој процес посебно внимание се обрнува на собирањето докази односно податоци поврзани со индикаторите

односно критериумите за успех, со формирање заклучоци и препораки. Доказите можат да се соберат преку: прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа, увид во работата на учениците, процесот на набљудување, независни евалуациони извештаи и други инструменти.

## 25. Заклучок

Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2023/24 година е направена согласно новиот Правилник за изработка на истата. Сите програми, табели, текстови сега се на едно место и прават една квалитетна заокружена целина.

Вака изработен, овој важен документ - Годишната програма за работа на ООУ„Климент Охридски“ Миравци, се добива многу појасна слика за нашето целокупно работење.

Годишната програма за работа претставува краткорочен развоен документ која ги опфаќа сите активности во текот на годината и се заснова на повеќе валидни документи. Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови и програми ќе се реализираат во пропишаниот обем, а според визијата на училиштето да бидат со современа ефикасна и квалитетна настава во 21 век со унапредување на наставниот процес и едукација на учениците и наставниците.

Наставните планови и програми како и годишната програма за работа на училиштето им се достапни на наставниците и тие можат навреме на подготват свои тематски планирања и да ги прилагодат според можностите и способностите на учениците, вклучувајќи и изработка на ИОП за децата со посебни потреби и инклузивни во редовна настава.

Насоките дадени во годишната програма за почитување на воспоставените процедури за реализација на изборна настава како и други вонnаставни активности се почитуваат. Наставниот кадар е мотивиран за покренување и реализација на проектите со учениците, применуват разновидни форми и методи за работа со што се зголемува интересот кај учениците за постигнување поголеми резултати, развивање на разни вештини и способности.

Примарна цел при остварувањето на поставените принципи во годишната програма е да оспособуваме здрави генерации на ученици. Намерата е покрај образната компонента, кај учениците да го поттикнеме и творечкиот креативен дух, да ги развиваме вештини на кооперативност, самодоверба, развивање на лични и колективна одговорност.

Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценувањето се јасно утврдени во планирањата, а наставниците ги користат тие информации за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планира следните чекори.

Наставниците разменуваат искуства и идеи на средбите на стручни активи како и во соработка со стручните соработници. Преку реализација на поставените задачи во годишната програма настојуваме да создаваме клима на што ќе се промовира заемна почитување, помош, соработка и разбирање. Начинот на кој се реализират поставените задачи, начинот на кој ќе се работи и ќе се пренесуват сите знаења и вештини, настојуваме да биде интересен и охрабрувачки за да можат учениците самостојно и критички да мислат, да бидат компетентни за преземање сопствени акции и иницијативи. Училиштето низ разни форми треба да поттикнува и мотивира комуникација и соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето, да градат партнерски однос. Нашата заложба е учениците заеднички да работат на различни проекти во и надвор од наставата.

При реализацијата на програмските подрачја од годишната програма, наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и следење на напредокот на учениците со што самите ученици се вклучуваат во оценувањето преку: самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и слично. Самооценувањето и самопроценката настојуваме да биде дел од нашата пракса како за учениците така за наставниците и родителите. Досегашните вакви искуства се позитивни и ќе настојуваме во иднина да ги реализираме и да го унапредуваме процесот на самопроценка за сопствените залагања.

Училишниот простор е безбеден за изведување настава, а тоа претставува една здрава средина каде што се води грижа за хигиената и здравјето. Во текот на реализација на воспитно-образовната работа во целина ќе инсистираме на професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојана поттикнувачка атмосфера во училиштето. Сите наши постигања ќе ги промовираме во пошироката општествена средина.

Реализацијата на активностите и плановите од годишната програма ќе се реализираат преку унапредување на тимската работа, меѓусебната соработка и ангажирање на раководниот орган кој има стратешка определба што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем, идентификува и се фокусира со јасни приоритети во развојниот план.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Комисијата за изработка на Годишната програма за работа на ООУ„Климент Охридски" Миравци ја сочинуваат: Ивана Ристова – педагог, Каролина Димитрова – директор, Македонка Динолова - секретар, Александра Марковска – претседател на УО, Виолета Манчевска - родител, Тијана Митрова – ученик.

## 27. Користена литература

За изработка на Годишната програма за работа на ООУ„Климент Охридски" Миравци за учебната 2023/24 година се користеа следните документи и материјали:

- Закони: Законот за основно образование, Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони;
- Подзаконските и интерните акти (разни кодекси, деловници за работа на органите , правилници...);
- Наставните планови и програми;
- Статутот на училиштето;
- Развојна програма на училиштето;
- Самоевалуацијата на училиштето;
- Програмата за работа на училиштето од претходната учебна година;
- Разните извештаи (Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, извештаи од интегрална евалуација, извештај од самоевалуација, извештај од разни

проверувања, анализи, проекти, извештаи за финасиското работење на училиштето, записници и др.).

–

• Концепција за воннаставни активности во основното образование, што е утврдена од министерот за образование и наука со решение број 12-2897/2 од 5.3.2020 година.

• Нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства за основно училиште во Република Северна Македонија.

• Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта

Директор:

М.П. ____________________________________

/Каролина Димитрова/

Претседател на Училишен одбор:

___________________________________

/Александра Марковска/

Дата_______________________година